ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН



# ПРОГРАМА

## за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)

*со Акциски план (2015-2016)*

Скопје, Септември 2015

**Центар за развој на Скопски плански регион**

За издавачот:
**Центар за развој на Скопскиот плански регион**
Ул. Беласица бр. 2, Скопски саем
П-Фах 1, 1130 Скопје
Tel: +389 2 3218-480, 3218-481
Fax: +389 2 3218 480
www.skopjeregion.gov.mk

За потребите на:
**Регионален Бизнис Центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во СПР при Центар за развој на Скопскиот плански регион**
Ул. Беласица бр. 2, Скопски саем
П-Фах 1, 1130 Скопје
Tel: +389 2 3218-480, 3218-481
Fax: +389 2 3218 480
www.investinskopjeregion.mk *(under construction)*

Директор
Анета Л. Раввлинсон

Проектен координатор на Бизнис Центарот при ЦРСПР
М-р. Розалија Карчицка Василевска

Програмата е изработена од:
**Гесталт Солутионс д.о.о. Штип**
www.gestaltsolutions.com.mk

Благодарност до:
Центарот за развој на Скопскиот плански регион, компаниите и институциите како и општините во Скопскиот плански регион за соработката во процесот на прибирање и анализа на податоците.

*Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020) со Акциски план (2015-2016) е изработена во рамки на проектот на Министерството за локална самоуправа „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво" кој го спроведува Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).*

# За проектот:

Врз основа на Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.63/20,07; 187/2013 и 43/2014), како и врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој во 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.8/2014 и 22/2014), со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните центри за развој на планските региони.

Формирањето на Регионалните бизнис центри во осумте плански региони е засновано на одлука на Владата на Република Македонија на осмата (тематска) седница, одржана на 29 август, 2011 година.

Регионалните бизнис центри во рамки на Центрите за развој на планските региони во моментов се претежно согледани како обид за проширување на јавните институции на локално ниво. Засегнатите страни се јасни и прецизни дека треба да се избегне испорака на директни услуги на бизнис секторот (подготовка на бизнис планови, физибилити студии и друга документација за кредитирање и слично) и дека е потребно новите функции и услуги да се фокусираат на создавање на ефикасен и ефективен институционален амбиент на ниво на плански регион за поддршка на приватниот сектор.

Во рамки на проектот на Министерството за локална самоуправа - „Иновативни решенија за подобрен пристап до услуги на локално ниво", проект имплементиран од страна на Програмата за развој на Обединети нации (УНДП) беше изготвена „Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони". Оваа студија ги дава насоките за идните функции и услуги на Бизнис центрите, кои би се вршеле/испорачувале од страна на вработени лица со знаење, вештини и искуство за поддршка на приватниот сектор, во рамки на постојните Центри за развој на планските региони. Оваа студија е фокусирана на дефинирање на новите функции и услуги на веќе определен облик – т.н. регионални бизнис центри, и тоа на начин кој ќе гарантира висок степен на комплементарност со постојните услуги за приватниот сектор, ќе ги минимизира сите ризици од преклопување и ќе допринесе за проширување на спектарот на услуги за приватниот сектор и неговиот развој на ниво на плански регион.

Регионалните Бизнис центри во рамки на Центрите за развој на планските региони имаат за цел квалитетно опслужување на бизнис секторот во планските региони. Според „Студијата за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони", Регионалните бизнис центри во фокусот на своето работење ги имаат следните функции:

1. Координативна и комуникациска
2. Информативна и едукативна
3. Планирање и мониторинг
4. Анализа и синхронизација
5. Проектен менаџмент
6. Спроведување на национални програми.

Резултатите од истражувањата при подготовката на студијата посочија дека потребите на приватниот сектор на локално и регионално ниво не се потполно задоволени и, притоа, како приоритетни нови услуги се наметнуваат оние услуги со кои ќе се адресираат воочените тесни грла како што се: недостатокот на соодветна координација на активностите поддржани со јавни средства, ефективноста на пристапот до информации и зголемување на степенот на учество на приватниот сектор во носењето соодветни одлуки на локално и регионално ниво. Поради силните страни и можностите кои им се на располагање, Регионалните бизнис центри во предвидената институционална форма (во рамки на Центрите за развој) логично се наметнуваат за улогата на координатор на активностите на регионално ниво кои се спроведуваат од страна на националните институции и организации и нивните мрежи на локално и регионално ниво, но и како олеснувачи на комуникацијата на националните со локалните институции и организации, како и со приватниот сектор.

Регионалните бизнис центри во рамки на Центрите за развој се природно најсоодветни за вклучување во планирањето и следењето на степенот на рамномерниот економски развој, особено во комуникацијата со бизнис секторот, како и во планирањето и мониторингот на регионалните индикатори за економски развој, развој на претприемништвото и економските сектори.
Ваков Центар е формиран и во Скопскиот плански регион во состав на Центарот за развој на Скопскиот плански регион – Скопје, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет – целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет – зголемено мени на услуги и опфат на корисници преку лобирање, информирање и вмрежување.

***Формирањето на Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Скопскиот плански регион технички и финансиски е поддржано од Министерството за локална самоуправа и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).***

Проектот ***„Формирање на Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Скопски плански регион"*** е имплементиран во партнерство помеѓу Министерството за локална самоуправа, Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Р. Македонија и Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

- **Центар за развој на Скопскиот плански регион** има основна задача - јакнење на капацитетот на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионално ниво, јакнење на принципот на јавно приватно партнерство и делување во насока на подигање на квалитетот на живеење. Центарот за развој на Скопскиот плански регион е формиран според Законот за рамномерен регионален развој во мај 2009 година. Седиштето на Центарот за развој е во единицата на Локална самоуправа со најголем број жители, односно општина Гази Баба.

Техничка и финансиска поддршка на проектот овозможија:

- **Министерството за локална самоуправа** надлежно за водење на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој. Министерството за локална самоуправа во соработка со другите Министерства што превземаат мерки за поттикнување на развојот ја дефинира и спроведува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој согласно целите на економската политика на Владата на Р. Македонија и програмските документи за интеграција на Р. Македонија во Европската унија.

- **Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Р. Македонија** ја поддржува Р. Македонија на патот кон Европската унија во градењето на инклузивно општество, општество каде секој има пристап до услуги и може да учествува во процесот на носење на одлуките кои влијаат на неговиот живот. УНДП ѝ помага на Р. Македонија да постигне одржлив развој, како и во борбата против еколошките предизвици. Поддршката на УНДП за Р. Македонија вклучува: развој на човечки и институционални капацитети, обезбедување знаења, нудење солуции за проблемите, градење партнерства и обезбедување фондови за развој.

# Вовед

*„Капацитетот на бизнисите да учат и да го претвараат наученото во акција веднаш, е клучната конкурентска предност.“*
*Џек Велч*

*A businesses's ability to learn, and translate that learning into action rapidly, is the ultimate competitive advantage.*
*Jack Welch*

Во своето не така долго, но по резултати квалитетно и плодно постоење, Центарот за развој на Скопскиот плански регион, несомнено ја докажа потребата и додадената вредност во идентификацијата и спроведувањето на регионалните проекти. Основан од 17 општини плус Град Скопје, Центарот многупати ја премостуваше и ја фасцилитираше соработката помеѓу општините со цел поквалитетни и понавремени резултати во одржливиот развој. Во својот раст, Центарот беше значително потпомогнат и од релевантното Министерство за локална самоуправа како и од Бирото за регионален развој на РМ. Во својата мисија последните години, беше евидентно дека проширувањето на својот делокруг на работа како и функциите ќе го лансираат Центарот во уште понапредна фаза на целокупниот развој. Во понатамошните истражувања, потпомогнати од Програмата за развој на Обидинетите Нации - УНДП, беше идентификувана и нова потенцијална област за проширување на портфолиото и тоа во делот на поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија.

Скопскиот плански регион го опфаќа басенот на Скопската котлина и зафаќа вкупна површина од 1.812 км$^2$ или 7% од територијата на Република Македонија. Овој регион опфаќа 17 општини, од кои 10 се дел од градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа. Во регионот се лоцирани 142 населени места, од кои 141 се рурални населби. Густината на населеност изнесува 319 жители/км$^2$ и е четири пати повисока од просекот на земјата (81 жители/км$^2$). Во градот Скопје е концентрирано околу 88% од населението во регионот, односно 25,1% од вкупното население во земјата што укажува на огромната концентрација на населението во скопската агломерација.

Скопскиот плански регион е најразвиениот регион во Република Македонија со бруто домашен производ од 202.473,9 милиони денари, каде се креира скоро половина од вкупниот БДП во државата. Иако во периодот по светската економска криза БДП на регионот доживеа стагнација, па дури и мал пад, сепак во 2012 година истиот бележи раст од скоро 4% во однос на 2011 година. Најголем дел од деловната активност се одвива токму во скопскиот регион. Таму се наоѓаат преку 60% од големите претпријатија, има најголемо учество на активни деловни субјекти, најголем број на претпријатија се создаваат (скоро 40% во 2012 година), но исто така и најголем број на претпријатија згаснуваат (преку 40% во 2010 година). Во периодот 2011-2013, забележителен е раст во бројот на сите деловни субјекти со повеќе од 10 вработени.[1]

Според податоците на Државниот завод за статистика на Р. Македонија заклучно со 31.12.2014, во Скопскиот плански регион има вкупно 26.848 активни деловни субјекти. Од нив 24.046 или 89% се микро компании, 2.169 или 8% се мали, 509 или 2% се средни, а 124 односно ца. 1% се големи компании.[2]

---

[1] Извор: Програма за развој на Скопски плански регион 2015-2019

[2] Извор: МАКСтат База на Државниот завод за статистика на Р. Македонија http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=22

Формирањето на Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија е одговор на детектираната потреба од координација и поддршка на малите и средни претпријатија, која се наметнува како императив во Скопскиот регион. Оттаму и потребата од проширување на функцијата на Центарот за развој на Скопскиот плански регион во насока на спроведување на активности и услуги за поддршка на приватниот сектор.

Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија ги надополнува постојните услуги на Центар за развој на Скопскиот плански регион насочени кон бизнис секторот во квалитет – целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет – зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Формираниот Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Скопскиот плански регион има за цел да помогне и даде поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и подинамичен развој преку идентификување на нивните реални потреби, нудење мерки за поддршка, правилно и навремено информирање  и зајакнување на капацитетите на новоосновани компании, со што ќе се овозможи развој на компаниите во успешни, одржливи и профитабилни бизниси.

Во рамките на дефинирање на активностите на овој Бизнис центар важна активност е изготвувањето на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020) со Акциски план (2015 - 2016).

## СОДРЖИНА:

Листа на акроними 10

**А. Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020)** 11

1. Резиме 12
2. Скопски плански регион 15
3. Методологија на изработка на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион 2015 - 2020 17
4. Цели, целни групи и крајни корисници на Програмата 21
5. Листа на релевантни засегнати страни / чинители во Скопски плански регион 22
6. Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион 27
7. Листа на потенцијални извори на финансирање 39
8. Потреби на микро, мали и средни компании, организации и институции за поддршка на бизнис секторот 57

**Б. Акциски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2016)** 59

**Анекси** 77

Анекс 1 - Анализа на спроведено теренско истражување на приватниот сектор 78

Анекс 2 - Анализа на спроведено теренско истражување на организации и институции за поддршка на бизнис секторот 90

Анекс 3 - Анкетен Прашалник за Деловни субјекти 97

Анекс 4 - Анкетен Прашалник за Организации и Институции за поддршка на Бизнис Секторот 102

## ЛИСТА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Р. Македонија |
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Р. Македонија |
| АППТ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| АПРЗ | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и ` руралниот развој |
| ГИЗ РЕД | Програма за регионален економски развој во Р. Македонија |
| ЕБОР | Европската банка за обнова и развој |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ФИТР | Фонд за иновации и технолошки развој |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| МБПР | Македонска банка за поддршка на развојот |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| SDC | Швајцарска развојна соработка |
| SECO | Државен секретаријат за економски работи на Швајцарија |
| СПР | Скопски плански регион |
| ССК | Сојуз на Стопански комори |
| ТИРЗ | Дирекција за технолошко-индустриските зони |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации |
| УСАИД | Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија |
| ЦРСПР | Центар за развој на Скопскиот плански регион |
| ЦФЦД | Сектор за централно финансирање и склучување на договори |

# А. Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020)

# - Р Е З И М Е -

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото, формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните центри за развој на планските региони. Регионалниот Бизнис Центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион има за цел да ги надополни постојните услуги на Центарот за развој на Скопскиот плански регион насочени кон бизнис секторот во квалитет – целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет – зголемено мени на услуги и опфат на корисници.

Со цел квалитетно исполнување на задачите поставени пред Регионалниот Бизнис Центар при Центарот за развој на Скопски плански регион изработена е Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020) која е одговор на забелешките и барањата на приватниот сектор во регионот и вклучува:

- *листа на релевантни чинители во регионот,*
- *даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион,*
- *потенцијални извори на финансирање кои компаниите од регионот можат да ги користат, и*
- *приоритетни мерки*.

Формулацијата на приоритетните мерки, нивните цели и динамика на имплементација на Програмата се усогласени со сите релевантни стратешки документи за поддршка на приватниот сектор на регионално и национално ниво, релевантни стратешки документи за Скопскиот плански регион изработени од и за потребите на ЦРСПР. Програмата опфаќа осум приоритетни мерки и тоа:

| | |
|---|---|
| **Приоритетна Мерка 1:** | Поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопскиот плански регион преку унапредување на капацитетите на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 2**: | Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании преку создавање стратешки партнерства |
| **Приоритетна Мерка 3:** | Унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 4:** | Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 5:** | Стимулирање и поддршка на претприемништвото во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 6:** | Поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 7:** | Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна Мерка 8:** | Поддршка за реализација на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион. |

Секоја од осумте приоритетни мерки вклучува по неколку активности кои ќе бидат имплементирани како дел од акцискиот план. Секоја активност содржи детален опис на целите, индикатори на успешност, временската рамка за нивно имплементирање, буџетот и изворите на финансирање и потенцијални ризици по нивната имплементација. Активностите кои ќе бидат имплементирани во рамките на секоја од наведените приоритетни мерки се дадени во следната табела:

| ***Активности во рамки на Приоритетни мерки на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020)*** | |
|---|---|
| **Приоритетна мерка 1** | 1.1. Истражување за потребите на пазарот за труд во СПР |
| | 1.2. Поддршка при изготвување на Програма за квалификација, преквалификација и доусовршување |
| | 1.3. Поддршка при изготвување на Програма за поддршка на големи компании |
| | 1.4. Унапредување на продуктивноста на работната сила |
| | 1.5. Олеснување на условите за водење бизнис на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион |
| | 1.6. Фацилитирање на пристап до повисоки форми на финансирање на развојот на малите и средните претпријатија од СПР |
| | 1.7. Стимулирање кон енергетска ефикасност и користење на природни ресурси |
| | 1.8. Стимулирање на примена на меѓународните стандарди за квалитет во приватниот сектор од СПР |
| **Приоритетна мерка 2** | 2.1. Создавање на дата база на активни компании во СПР |
| | 2.2. Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од другите региони во Р. Македонија |
| | 2.3. Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од Балканските земји |
| | 2.4. Поддршка и стимулирање на трансфер на знаења и вештини од меѓународни компании и експерти на МСП од СПР |
| | 2.5. Поддршка при организирање на посета на саеми и саемски манифестации |
| | 2.6. Поддршка при создавање Регионална кластерска мрежа во СПР |
| **Приоритетна мерка 3** | 3.1. Анализа на деловното опкружување и бизнис климата во СПР |
| | 3.2. Спроведување на сеопфатна анализа за трошоци за водење бизнис во Скопскиот плански регион |
| | 3.3. Развивање на општински модел за поттикнување на *green field* инвестиции во Скопскиот плански регион |
| | 3.4. Развивање на општински модел за поттикнување на *brown field* инвестиции во Скопскиот плански регион |
| | 3.5. Студија за утврдување на неискористени локации и деловни објекти на поранешни претпријатија и задруги |
| **Приоритетна мерка 4** | 4.1. Промоција и стимулирање на поддршката на иновации и иновациска активност во приватниот сектор на СПР |
| | 4.2. Поддршка за организирање Б2Б средби помеѓу иновативни компании од СПР и иновативни компании од Балканот и земјите од ЕУ |
| **Приоритетна мерка 5** | 5.1. Промоција на Претприемништвото и стимулирање на претприемничкиот дух во Скопскиот плански регион |
| | 5.2. Анализа на карактеристиките на претприемништвото во СПР |
| | 5.3. Промоција на Женското претприемништво во СПР |
| | 5.4. Развој на Социјално претприемништво во СПР |
| | 5.5. Активности во рамки на Европска недела на МСП 2015 во СПР |

| | |
|---|---|
| **Приоритетна мерка 6** | 6.1. Поддршка и соработка за создавање на онлајн портал за продажба на традиционални производи произведени во СПР |
| | 6.2. Промоција на поддршката на автентични занаети, Занаетчиско производство и занаетчиски услуги преку субвенционирање |
| **Приоритетна мерка 7** | 7.1. Зајакнување на човечките ресурси кај туристичките бизниси од Скопскиот плански регион |
| | 7.2. Иницирање и поддршка при создавање на Кластер за туризам во Скопскиот плански регион |
| | 7.3. Имплементирање на промотивна кампања за промоција на природното и културното наследство |
| | 7.4. Поддршка на тур операторите во креирање и дизајнирање на регионална туристичка понуда |
| **Приоритетна мерка 8** | 8.1. Поттикнување на вмрежување на релевантните чинители од Скопскиот плански регион |
| | 8.2. Склучување партнерства со релевантни министерства и институции |

Табела 1: Активности во рамки на Приоритетни мерки на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)

# 2. СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Скопскиот плански регион го зафаќа крајниот северен дел на Република Македонија и се простира во Скопската Котлина. Овој регион е најмал по површина и зафаќа само 7,3% од вкупната територија на државата, но, според податоците за 2013 година, тој е најнаселен - 29,7% од вкупното население на Р. Македонија живее во овој регион. Истовремено, важи за најгусто населен регион со 337,8 жители на км².

Овој регион претставува главна крстосница на Република Македонија, со најповолна сообраќајна инфраструктура. Во регионот се сконцентрирани најголемиот дел од индустриските, трговските и услужните капацитети. Во регионот се наоѓа главниот град на Република Македонија, кој е економски, административен, универзитетски и културен центар на државата. Како последица на ова, во однос на внатрешните миграциски процеси, овој регион претставува најголемо имиграциско подрачје.

Во 2012 година, бруто домашниот производ на Скопскиот регион по жител бил најголем и изнесувал 332.393 денари. Исто така, регионот имал најголемо учество од 44,1% во вкупниот БДП на Република Македонија (извор: Регионите во Република Македонија 2015, Државен завод за статистика на Република Македонија).

Скопскиот плански регион го сочинуваат следните единици на локална самоуправа со нивните општини:

| Општини кои го сочинуваат Скопскиот плански регион | |
|---|---|
| **Град Скопје** | **Општина Петровец** |
| **Општина Аеродром** | **Општина Сарај** |
| **Општина Арачиново** | **Општина Сопиште** |
| **Општина Бутел** | **Општина Студеничани** |
| **Општина Гази Баба** | **Општина Центар** |
| **Општина Ѓорче Петров** | **Општина Чаир** |
| **Општина Зелениково** | **Општина Чучер Сандево** |
| **Општина Илинден** | **Општина Шуто Оризари** |
| **Општина Карпош** | **Општина Кисела Вода** |

Табела 2: Општини во Скопскиот плански регион

Регионалниот развој на сите плански региони, па оттаму и на Скопскиот плански регион се остварува преку националниот Совет за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа, Советот за развој на планскиот регион, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на планскиот регион. Улога на Центарот за развој на Скопскиот плански регион е, пред сè, вршење на стручни работи за развој на регионот, кое вклучува и спроведување на Програмата за развој на Скопскиот плански регион. Програмата за развој на Скопскиот плански регион вклучува економски мерки и стратегиски цели за поддршка на малите и средни претпријатија, индустријата, вработувањето и поддршка на иновациите.

Регионалниот бизнис центар во рамките на Центарот за развој на Скопскиот плански регион врши услуги кон приватниот сектор во соработка со другите постоечки чинители: коморите, универзитетите, фондации и здруженија на граѓани, при што опфатот на услугите за приватниот сектор е побрз и позначаен. Редовната комуникација со регионалните и националните институции за поддршка на приватниот сектор, особено коморите, бизнис асоцијациите, релевантните факултети, регионалните бизнис центри во мрежата на АППРМ, центрите на АВРМ и останатите релевантни чинители се клучни за успешно реализирање на неговата мисија.

Во насока на реализација на поставената задача е и изработката на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020).

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА

на изработка на

***Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион 2015 - 2020***

Изготвувањето на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* (2015-2020) ги опфати следниве клучни чекори:

1. **Деск истражување;**
2. **Идентификување на клучните актери / чинители во регионот;**
3. **Изготвување на Анкетни прашалници;**
4. **Дефинирање на примерок испитаници;**
5. **Спроведување на теренско истражување;**
6. **Анализа на податоците собрани со истражувањето и**
7. **Изготвување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020).**

Изготвувањето на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* (2015-2020) започна со спроведување на деск истражување со дескриптивна метода за преглед на информации и извори на информации како: програми, акциони планови, комуникациски стратегии изготвени во/за Скопски плански регион и општините кои се дел од него, регионални и национални студии и закони. Со тоа беа идентификувани клучните актери / чинители во регионот, а беа идентификувани и односите помеѓу чинителите и нивните односи со Центарот за развој на Скопскиот плански регион. Истовремено беа утврдени и врските помеѓу чинителите кои недостигаат и врските кои треба да се воспостават и зајакнат. Деск истражувањето вклучи и преглед на голем број национални, интернационални програми и акциони планови, меѓу кои и:

1. *Програма за развој на Скопскиот плански регион 2009-2014;*
2. *Програма за развој на Скопскиот плански регион 2015-2019;*
3. *Повеќе за малите претпријатија - Што прави ЕУ за малите и средните претпријатија (издание 2011);*
4. *Small Business Act for Europe - Report on the results of the open consultation 22/04/2008;*
5. *Report of the Expert Group Think Small First – Considering SME interests in policy- making including the application of an 'SME Test' - March 2009;*
6. *Малите бизниси се нашиот приоритет, Европа е добра за МСП, МСП се добри за Европа, Европска комисија - Генерален директорат за претпријатија и индустрија;*
7. *OECD Skills Strategy Diagnostic Report: Norway 2014;*
8. *Training needs analysis for SMEs - Western Balkans and Turkey's experience;*
9. *Assessment of the framework conditions for doing business in the eight planning regions in Macedonia - German Agency for International Cooperation (GIZ), Regional Economic Development in Macedonia (GIZ RED);*
10. *Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони - Васко Карангелески, Виолета Ц. Донели;*
11. *Пакет Предлог-мерки за подобрување на конкурентноста на македонската економија - Национален совет за претприемништво и конкурентност;*

12. *Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2015 година - Министерство за економија;*
13. *Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019.*

Во следната фаза од подготовката на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020)* се премина кон изготвување на Анкетен прашалник за спроведување на полуструктурирано интервју со цел утврдување на барањата кои бизнис секторот ги адресира до институциите за поддршка на бизнис секторот и Прашалник за утврдување на потребите на бизнис секторот како и проблемите со кои се соочуваат при секојдневното работење.

- Анкетниот прашалник за бизнис секторот содржи прашања со кои се утврдија впечатоците за деловната клима во регионот, впечатоците за придонесот на локалната и регионалната власт врз деловната клима и работењето на компаниите, конкретните потреби и проблеми со кои се соочуваат бизнисите: проблеми во работењето и аспекти кои треба да се унапредат, извори на финансирање, степен на информираност за државни и други програми за поддршка (финансиски и нефинансиски), клучни потреби од информации и начин на доаѓање до истите.

- Прашалникот за спроведување на полуструктурирано интервју наменет на институциите за поддршка на бизнис секторот (Фондации и регионални центри за претприемништво, ТИРЗ, локални центри на Агенција за вработување, ЛЕР канцеларии, регионални комори и бизнис здруженија, локални здруженија за развој, земјоделие, туризам) содржи прашања со чија помош се утврдија услугите кои овие институции му ги нудат на бизнис секторот, барањата кои ги добиваат од бизнис заедницата, а на кои не можат да одговорат, како и прашања кои помогнаа кон утврдување на потребите на овие институции и начините на кои Регионалниот бизнис центарот при Центарот за развој на Скопскиот плански регион би можел да им помогне.

Истражувањето на бизнис секторот од Скопски плански регион се спроведе на примерок од 100 случајно избрани бизнис ентитети кои функционираат во Скопски плански регион, по пат на структурирано интервју. При формирањето на примерокот испитаници - претставници на бизнис сектор беа земени предвид следниве варијабли:

- Дејност на работење и
- Големина на деловен субјект,

т.е. во истражувањето беа соодветно застапени компании од сите големини: микро, мали, средни и големи компании со различни дејности на работење.

За обезбедување на релевантни нумерички податоци беа консултирани податоците објавени од страна на Државен завод за статистика на Република Македонија и МАКСтат Базата на Државниот завод за статистика на Р. Македонија.[3] Од нивните табели според дејност на работење на компаниите, ја добивме следнава дистрибуција:

[3] Извор: МАКСтат База на Државниот завод за статистика на Р. Македонија http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=22

| Дејност на работење (според НКД) | Број на компании од СПР вклучени во истражувањето |
|---|---|
| **Трговија на големо и трговија на мало** | 35 |
| **Стручни, научни и технички дејности**<br>(Правни, сметководствени и управувачки дејности, Архитектонски дејности и инженерство, Научно истражување и развој и сл.) | 13 |
| **Преработувачка индустрија** | 11 |
| **Транспорт и складирање** | 10 |
| **Други услужни дејности**<br>(Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства, дејности на организации и сл.) | 8 |
| **Градежништво** | 8 |
| **Угостителство**<br>(Објекти за сместување и сервисни дејности со храна) | 6 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 5 |
| **Информации и комуникации** | 4 |
| **ВКУПНО** | **100** |

Табела 3: Број на компании од Скопскиот плански регион вклучени во истражувањето според дејноста на работење

Вториот фактор кој беше земен во предвид при утврдувањето на истражувачкиот примерок беше големината на деловните субјекти од СПР, при што се доби следната дистрибуција:

| Големина на деловен субјект | Број на компании од СПР вклучени во истражувањето |
|---|---|
| **Микро компании (0-9 вработени)** | 63 |
| **Мали компании (10-49 вработени)** | 32 |
| **Средни компании (50-249 вработени)** | 4 |
| **Големи компании (над 250 вработени)** | 1 |
| **ВКУПНО** | **100** |

Табела 4: Компании од Скопскиот плански регион вклучени во истражувањето според нивната големина

За изборот на втората група испитаници кои ги претставуваат организациите кои нудат поддршка на бизнис секторот: деловни/бизнис здруженија, фондации, ТИРЗ, комори, асоцијации, факултети, министерства, кластери итн. се водевме по принципот еднаква застапеност на секоја категорија чинители. Истражувањето на институциите за поддршка на бизнис секторот се спроведе на примерок од 10 случајно избрани институции и организации за поддршка на бизнис секторот, институции кои функционираат во Скопскиот плански регион.

Истражувањето се спроведе во периодот април - мај 2015 преку директни средби во просториите на испитаниците и за време на информативните настани организирани од страна на Центарот за развој на Скопскиот плански регион, телефонски интервјуа и доставување на прашалниците преку електронска пошта.

Анализата на добиените податоци послужи за изработка на Програмата и Акцискиот план за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион, како и за дефинирање на најдобрите комуникациски пристапи и практики помеѓу чинителите.

Во следната фаза од подготовката на *Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020)* се изврши детална анализа на добиените податоци од истражувањата која е прикажана во посебен дел од овој документ, како Анекси и тоа:

- Анекс 1 - Анализа на спроведено теренско истражување на приватниот сектор
- Анекс 2 - Анализа на спроведено теренско истражување на организации и институции за поддршка на бизнис секторот

Изготвените анализи и собраните информации од истражувањата послужија за изработка на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2020) со Акциски план (2015 - 2016).*

# 4. ЦЕЛИ, ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* (2015-2020) се:

- Зајакнување на капацитетите на приватниот сектор од Скопскиот плански регион, преку обезбедување информации кои ќе придонесат кон остварување подобрен пристап до финансиски и нефинансиски услуги, поддршка и помош во организацискиот развој на компаниите од регионот, имплементација на активности за зајакнување на капацитетите на бизнис секторот, согласно потребите на компаниите и трансфер на know-how;
- Да поттикне градење на релации и вмрежување на компаниите од регионот преку обезбедување поддршка при развојот на партнерства со регионални, национални и интернационални компании, вмрежување на компаниите од регионот во кластери, здруженија, асоцијации, сојузи, како и организирање на настани за вмрежување на компаниите од регионот со компаниите од останатите региони во Р. Македонија со цел подобар заеднички настап на македонските компании на интернационалните пазари;
- Да покрене процес во кој првенствено општините, па и линиските министерства и организациите за поддршка на приватниот сектор ќе понудат поприфатливи и посоодветни мерки и активности кои ќе го унапредат работењето на компаниите од регионот и ќе овозможат подобрување на деловната клима во Скопскиот плански регион

Целни групи на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион се:

- Компании од Скопскиот плански регион;
- Претприемачи (тековни и потенцијални);
- Занаетчии и трговци поединци;
- Регионални стопански комори;
- Кластери и асоцијации од Скопскиот плански регион;
- Организации и здруженија на физички и правни лица со седиште во Скопскиот плански регион.

Крајни корисници на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион се:

- ✓ Центар за развој на Скопскиот плански регион;
- ✓ Регионален бизнис центар на Скопскиот плански регион при ЦРСПР;
- ✓ 17-те општини во Скопскиот плански регион и град Скопје;
- ✓ ЛЕР одделенијата и Секторите за ЛЕР во општините од СПР;
- ✓ Компании од Скопскиот плански регион;
- ✓ Организации и институции за поддршка на бизнис секторот кои функционираат во Скопскиот плански регион;
- ✓ Потенцијални заинтересирани странски и домашни инвеститори;
- ✓ Регионални стопански комори;
- ✓ Државни агенции кои нудат поддршка на приватниот сектор;
- ✓ Надлежни министерства за поддршка на приватниот сектор;
- ✓ Кластери и асоцијации од Скопскиот плански регион.

# 5. ЛИСТА НА РЕЛЕВАНТНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ КОИ НУДАТ ПОДДРШКА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Спроведеното деск истражување покажа дека во рамките (на територија) на Скопскиот плански регион има значаен број релевантни чинители кои нудат поддршка на приватниот сектор во регионот со цел олеснување на процесот кон побрз и подинамичен развој. Сите овие чинители континуирано го следат напорот на централната власт за развој на македонските компании и нудат услуги за поддршка на компаниите во Скопскиот плански регион со цел нивен развој во профитабилни интернационални компании кои ќе бидат двигатели на регионалната и националната економија. Тимот кој работеше на изготвувањето на оваа Програма ги идентификуваше следниве клучни чинители кои нудат поддршка за приватниот сектор од Скопскиот плански регион и оттаму претставуваат релевантни чинители за имплементацијата на оваа Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион.




Слика 1: Листа на релевантни чинители во Скопскиот плански регион

Листата на релевантни чинители во Скопскиот плански регион на Р. Македонија ги вклучува:

1. **Регионалниот бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион** (www.skopjeregion.gov.mk) има за цел да помогне и да даде поддршка на приватниот сектор со цел остварување на побрз и подинамичен развој на компаниите, преку идентификување на нивните реални потреби, нудење мерки за поддршка, правилно и навремено информирање и зајакнување на капацитетите на новооснованите компании, со што ќе се овозможи развој на компаниите во успешни, одржливи и профитабилни бизниси. Центарот за развој на Скопскиот плански регион е главниот двигател и поддржувач на приватниот сектор од Скопскиот плански регион. ЦРСПР ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на регионот. Врши промоција на развојните можности на планскиот регион што е од особено значење за привлекување на странски инвестиции преку кои ќе се придонесе за отворање нови компании. ЦРСПР е клучниот чинител кој нуди поддршка на приватниот сектор од СПР континуирано помагајќи го растот и развојот на компаниите од регионот.

2. **Единиците на локалните самоуправи од Скопскиот плански регион и град Скопје**. Регионот е сочинет од 17 општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево и секоја од нив е важен чинител во растот и развојот на компаниите од регионот. Приватниот сектор е главен двигател на економскиот развој на секоја општина, оттаму и поддршката која за компаниите од Скопскиот плански регион на Р. Македонија ја обезбедуваат единиците на локалните самоуправи од регионот и градот Скопје.

| Единици на Локална Самоуправа | Веб страна |
|---|---|
| **Град Скопје** | www.skopje.gov.mk |
| **Општина Аеродром** | www.aerodrom.gov.mk |
| **Општина Бутел** | www.opstinabutel.gov.mk |
| **Општина Гази Баба** | www.gazibaba.gov.mk |
| **Општина Ѓорче Петров** | www.opstinagpetrov.gov.mk |
| **Општина Карпош** | www.karpos.gov.mk |
| **Општина Кисела Вода** | www.kiselavoda.gov.mk |
| **Општина Сарај** | www.saraj.gov.mk |
| **Општина Центар** | www.opstinacentar.gov.mk |
| **Општина Чаир** | www.cair.gov.mk |
| **Општина Шуто Оризари** | www.sutoorizari.org.mk |
| **Општина Арачиново** | www.haracina.gov.mk |
| **Општина Зелениково** | www.zelenikovo.gov.mk |
| **Општина Илинден** | www.ilinden.gov.mk |
| **Општина Петровец** | www.petrovec.gov.mk |
| **Општина Сопиште** | www.opstinasopiste.gov.mk |
| **Општина Студеничани** | www.studenicani.gov.mk |
| **Општина Чучер Сандево** | www.cucersandevo.gov.mk |

Табела 5: Единици на локална самоуправа во СПР

3. **Релевантни министерства и институции во рамки на Влада на Р. Македонија -** во насока на спроведување на националните програми преку Центрите за развој на планските регион, значајна е одлуката на Владата на Р. Македонија, која предвидува вклучување на ЦРПР во Годишните програми и Буџети на министерствата и агенциите. Врз основа на Стратегијата за рурален туризам 2012-2017, Владата на Република Македонија има донесено заклучок со кој се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, во Годишните програми кои се однесуваат на финансиски импликации за разни субвенции, трансфери или договорни услуги, при реализација на истите, преку јавни повици и огласи, да ги вклучат и Центрите за регионален развој, како би можеле истите да се јават како апликанти за користење на финансиските средства од програмите.

   Поддршката на приватниот сектор е во директна надлежност на Министерството за економија на Република Македонија. Дополнителна одговорност за економскиот развој и поддршка на приватниот сектор имаат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за локална самоуправа. Помала, но не помалку значајна одговорност поврзана со спроведување на програми за економски развој имаат Министерството за образование и наука и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

| Релевантни министерства и институции | Веб страна |
|---|---|
| **Министерство за економија** | www.economy.gov.mk |
| **Министерство за финансии** | www.finance.gov.mk |
| **Министерство за транспорт и врски** | www.mtc.gov.mk |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | www.mzsv.gov.mk |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | www.moepp.gov.mk |
| **Министерство за труд и социјална политика** | www.mtsp.gov.mk |
| **Министерство за локална самоуправа** | www.mls.gov.mk |
| **Министерство за образование и наука** | www.mon.gov.mk |
| **Агенција за промоција и поддршка на туризмот** | www.tourismmacedonia.gov.mk |
| **Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија** | www.apprm.gov.mk |
| **Агенција за вработување на Р. Македонија** | www.avrm.gov.mk |

Табела 6: Релевантни министерства и институции

4. **Организации за поддршка на бизнис секторот од Скопскиот плански регион** - јавни, профитни и непрофитни организации и институции кои своите активности ги насочуваат кон обезбедување консултативни и менторски услуги на компаниите од регионот. Ваквите организации играат важна улога во растот и развојот на приватниот сектор во регионот.

5. **Стопанска комора на Р. Македонија** (www.mchamber.org.mk) **-** коморите, како репрезент и застапник на интересите на стопанството, се карактеристика на сите општествено-економски и политички системи. Како и многу други институции и асоцијации, разликите и нијансите на коморското

организирање се резултат на продукционите односи на определено општествено уредување но, секогаш биле и сè значаен економски фактор и, според многу аналитичари, според редослед на вредноста, се вбројуваат веднаш по најрепрезентативните политички институции - Парламентот и Владата.

Стопанската комора на Р. Македонија во рамките на своите законски овластувања придонесува и ги поддржува сите оние кои ќе се определат своите активности да ги насочат кон нејзините клучни определби:

- Домашните и странските инвестиции да бидат двигател на растот;
- Да се зголеми извозот на конкурентни производи за одржлив развој;
- Приватниот сектор да стане стожер на економскиот раст и да ја апсорбира високата невработеност.

Во рамките на своите активности Стопанската Комора на Р. Македонија континуирано имплементира активности во Скопскиот плански регион на Р. Македонија таргетирајќи ги компаниите од регионот.

6. **Сојуз на Стопански комори (ССК)** (**www.sojuzkomori.org.mk**) е независна деловна организација во Р. Македонија. Формирана според Законот за коморско работење на РМ, Сојузот на Стопански комори ги промовира и застапува бизнис интересите на илјадници компании - членови и ги поврзува со над 1.000 национални, регионални и интернационални институции и организации. Мисијата на Сојузот на Стопански комори на Р. Македонија е зголемување на конкурентноста на компаниите и организациите членови на ССК, унапредување на македонското деловно опкружување и зголемување на продажбата на производите на своите членки на глобалниот пазар. Во Сојузот на Стопански комори членуваат голем број компании од Скопскиот плански регион кои редовно земаат учество во активностите на ССК со цел унапредување на нивната економска положба.

7. **Биро за регионален развој на Македонија (www.brr.gov.mk)** е орган во состав на Министерството за локална самоуправа кој ги врши следниве основни работи:
   - Подготвува аналитичко документациска основа за изготвување на стратешките и оперативни плански документи за регионален развој;
   - Изработува предлог-методологијата за изработка на планските документи;
   - Подготвува годишни извештаи за имплементација на Акциониот план на Стратегијата;
   - Ја изработува предлог-одлуката за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби;
   - Ја изработува предлог-листата на подрачјата со специфични развојни потреби;
   - Ги изработува предлог-критериумите за степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и регионите;
   - Го изработува предлог-актот за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност;
   - Дава стручна помош на ЦРПР при подготовка на програмите за развој на планските региони и вршење на други активности поврзани со регионалниот развој;
   - Ги информира засегнатите страни за видовите и обемот на средства и инструменти за поттикнување на регионалниот развој;
   - Воспоставува и се грижи за информацискиот систем за регионалниот развој во соработка со Државниот завод за статистика;
   - Врши и други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон.

Бирото за регионален развој има за цел остварување на рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој, како и намалување на диспаритетите во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на живот на сите граѓани.

8. **Бизнис Конфедерација на Македонија** (www.bcm.mk) е независно, невладино, непрофитно, доброволно деловно здружение на асоцијации, претпријатија и поединци кои стопанисуваат во земјата, заинтересирани за промовирање на економскиот и социјален развој на земјата. Таа ги артикулира и поддржува интересите на бизнисите преку заедничко застапување и превземање на активности за нивно поврзување, има улога на катализатор за привлекување на потенцијални инвеститори од ЕУ. Активностите на Бизнис Конфедерација на Македонија вклучуваат:

- Лобирање и претставување на интересите на членовите на ниво на Влада и Синдикатите, како и на европско ниво, во однос на европските институции и организации;
- Обезбедување на информации и советодавни услуги на членовите на бизнис заедницата за прашања од заеднички интерес (оданочување, работна сила, обуки, правна регулатива за индустријата, заштита на животната средина, пропагандата и истражување на пазарот);
- Подготовка и промоција на аргументирани предлози пред Владата и Делегацијата на ЕУ за разни прашања од областа на бизнисот и општествено одговорни практики, со цел да помогне за економскиот и социјалниот развој на земјата;
- Создавање можности за полесно деловно поврзување со компании од ЕУ и од трети земји (организирање разни социјални манифестации, просперититени можности за европската и локалнална бизнис заедница);
- Асистирање на претпријатијата (членови и други правни лица) за воспоставување на корисни деловни контакти и обезбедување информации за деловните партнери во земјата и во Европа.

# 6. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ЗА БИЗНИСОТ ВО СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во регионот постојат голем број даватели на услуги на приватниот сектор, односно на малите и средните претпријатија. Услугите кои овие организации и институции ги нудат за малите и средни претпријатија од Скопскиот плански регион се од финансиска и нефинансиска природа, почнувајќи од грантови и кредити, па сè до обуки и менторство за компаниите. Сумираната листа на даватели/снабдувачи на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион е дадена во следната табела:

**Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион**

| | |
|---|---|
| **Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион на локално и регионално ниво** | **Центар за развој на Скопскиот плански регион** |
| | **Регионален бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион** |
| | **Единици на локална самоуправа во Скопскиот плански регион**<br>✓ *Одделенија за локален економски развој*<br>✓ *Одделенија за занаетчиство, угостителство и туризам*<br>✓ *Одделенија за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации*<br>✓ *Сектори за просторно и урбанистичко планирање* |
| | **Организации за поддршка на бизнис секторот од Скопскиот плански регион** |
| **Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион на национално ниво** | **Министерство за економија**<br>✓ Сектор за европска интеграција<br>✓ Сектор за поттикнување на општествена одговорност |
| | **Министерство за финансии**<br>✓ Сектор за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) |
| | **Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија (АППРМ)** |
| | **Агенција за вработување на Р. Македонија (АВРМ)** |
| | **Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР)** |
| | **Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)** |
| | **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони - ТИРЗ** |
| | **Комерцијални банки**<br>✓ НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје<br>✓ Стопанска банка А.Д. Скопје<br>✓ Стопанска банка А.Д. Битола<br>✓ Комерцијална банка А.Д. Скопје<br>✓ Охридска банка А.Д. Скопје<br>✓ Еуростандард банка А.Д. Скопје<br>✓ ПроКредит банка А.Д. Скопје<br>✓ Халк банка А.Д. Скопје<br>✓ Уни банка А.Д. Скопје<br>✓ Алфа банка А.Д. Скопје<br>✓ Шпаркасе банка А.Д. Скопје<br>✓ Централна кооперативна банка А.Д. Скопје |

| | |
|---|---|
| | **Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР)** |
| | **Агенција за промоција и поддршка на Туризмот (АППТ)** |
| | **Стопанска комора на Р. Македонија** |
| | **Сојуз на Стопански комори** |
| | **Агенција за странски инвестиции и поддршка на извозот – Invest In Macedonia** |
| | **Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)** |
| | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** |
| | **Македонска Развојна фондација за претпријатијата** |
| **Интернационални даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион** | **Меѓународни донаторски организации:**<br>✓ Програмата за развој на Обединетите Нации во Р. Македонија (УНДП)<br>✓ Програмата за регионален економски развој во Р. Македонија (ГИЗ РЕД)<br>✓ Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија - УСАИД<br>✓ Швајцарска развојна соработка (SDC) и Државен секретаријат за економски работи (SECO) |

Табела 7: Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион

## <u>Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион на локално и регионално ниво</u>

1. **Центарот за развој на Скопскиот плански регион** (**www.skopjeregion.gov.mk**)[4]

2. **Регионален бизнис центар при Центар за развој на Скопскиот плански регион** (**www.skopjeregion.gov.mk**)[5]

3. **Единици на локална самоуправа во Скопскиот плански регион -** во рамки на процесот на децентрализација, од 2005 година во надлежност на општините е и локалниот економски развој. Во таа насока општините имаат вработено одговорни лица кои вршат функции поврзани со поддршка на локалниот економски развој. Во рамките на единиците на локалните самоуправи функционираат голем број одделенија и сектори кои нудат поддршка на приватниот сектор од регионот и овие сектори имаат различна структурираност, во зависност од општината. Сепак, неколку важни сектори и одделенија кои можеме да ги истакнеме се:
    - Одделенија за локален економски развој (ЛЕР одделенија);
    - Одделенија за занаетчиство, угостителство и туризам;
    - Одделенија за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации;
    - Сектори за просторно и урбанистичко планирање.

---

[4] Подетални информации за Центарот за развој на Скопскиот плански регион може да се најдат на страна бр. 23 од оваа Програма

[5] Подетални информации за Регионалниот бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион може да се најдат на страна бр. 23 од оваа Програма

Поважни активности на овие одделенија и сектори се: *формулирање стратегии и програми за економски развој, подготовка и водење на проекти во општината, комуникација со локалните чинители од приватниот и јавниот сектор, поддршка на занаетчиите, бизнисите од областа на угостителството и туризмот, поддршка на приватниот сектор и граѓанските здруженија во поглед на меѓународната соработка.*

4. **Организации за поддршка на Бизнис секторот од Скопскиот плански регион** - јавни, приватни и невладини организации и институции кои своите активности ги насочуваат кон обезбедување консултативни и менторски услуги на малите и средните компании од регионот. Во Скопскиот плански регион постојат голем број на организации за поддршка на Бизнис секторот. Како организации со подолга традиција можеме да ги спомнеме: ПСМ Фондација, ЦЕЕД, Бизнис Старт-ап Центар при УКИМ, НЦДИЕЛ и сл.
   Овие организации нудат различни финансиски и нефинансиски услуги на приватниот сектор, но најголемиот дел од овие услуги произлегуваат од имплементацијата на проекти финансирани од национални и интернационални донатори. Ова е посебно случај со непрофитните организации од Скопскиот плански регион кои фигурираат како организации за поддршка на бизнис секторот.

**<u>Даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион на национално ниво</u>**

1. **Министерство за економија** (**www.economy.gov.mk**) на национално и регионално ниво нуди низа програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Како позначајни програми се издвојуваат:
   - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво;
   - Програма за геолошко-информативен систем (ГИС);
   - Програма за заштита на потрошувачите.

   Министерството за економија на Р. Македонија континуирано нуди финансиски и нефинансиски услуги за приватниот сектор од сите плански региони во Р. Македонија преку своите програмски активности.

   - Секторот за европска интеграција и
   - Секторот за поттикнување на општествена одговорност

   се сектори кои нудат директна поддршка на приватниот сектор од Скопскиот плански регион.

2. **Министерство за финансии** (**www.finance.gov.mk**) има мисија преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Македонија. Визијата на Министерството за финансии е со реализација на прогресивни идеи од својот домен да придонесе за зајакнување на функционалната пазарна економија која се темели на знаење, иновации и одржлив развој.

   - <u>Секторот за централно финансирање и склучување договори</u> (ЦФЦД) во рамките на Министерството за финансии на Република Македонија е надлежен за стабилно финансиско управување на сите проекти кои се финансираат од страна на ИПА компонентите, при што, за приватниот сектор од Скопскиот плански регион најважна е *<u>ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси</u>*.

     ЦФЦД претставува водечко тело во рамките на оперативните структури за ИПА Компонентите I, III и IV, како и надлежен орган кој врши

склучување договори и кој е единствено одговорен за спроведување на тендерските постапки и плаќања поврзани со проекти финансирани од ЕУ. ЦФЦД ја надгледува реализацијата на проектите, а ПАО/ХОС ја задржува целосната одговорност за реализација на истите и обезбедува ефективно надгледување за соодветна реализација на задачите делегирани од страна на СПО/ИПА координаторите.
Секторот за централно финансирање и склучување договори преку своите проекти и програмски активности нуди низа финансиски и нефинансиски услуги за малите и средните компании од сите плански региони во Р. Македонија.

3. **Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија** (**www.apprm.gov.mk**) е основана со закон во декември 2003 год. и претставува централна државна институција за поддршка на претприемништвото и развојот на малото стопанство во Република Македонија.
Мисија на АППРМ е изградба на поволно економско опкружување и законска регулатива, како и создавање и развој на институционална инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста во малото стопанство. АППРМ се стреми кон спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, малите и средни бизниси и промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка.

- **Нефинансиски форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство:**
  - Деловно поврзување во земјата и странство;
  - Прибирање, обработка и доставување информации;
  - Организирање специфични обуки и консултантски услуги;
  - Организирање трибини, конференции и бизнис форуми;
  - Спроведување програми за соработка со одделни земји;
  - Спроведување останати домашни развојни проекти.

- **Финансиски форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство:**
  - Кофинансирање договорени проекти за потребите на Агенцијата кои се спроведуваат преку институционалната инфраструктура на претприемачки центри;
  - Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори;
  - Кофинансирање последипломски студии од областа на претприемништвото.

4. **Агенција за вработување на Р. Македонија** (**www.avrm.gov.mk**) е јавна установа која врши стручни, организациски, административни и други работи кои се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. Агенцијата за вработување на Р. Македонија нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица, туку и на малите и средните компании од Скопскиот плански регион во изнаоѓање на квалификувана работна сила. Програмите и проектите на Агенцијата за вработување вклучуваат:
   - Практична работа (практиканство);
   - Обука кај познат работодавец;
   - Проект Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање нови работни места за млади лица до 29 годишна возраст;

- Проект Кредитирање на правни субјекти (микро и мали претпријатија) за отворање на нови работни места;
- Обука на работно место со субвенционирано вработување;
- Субвенционирање на вработување;
- Субвенционирање на вработување на деца без родители;
- Обука кај познат работодавец со субвенционирано вработување;
- Субвенционирање на вработување на млади лица до 29 години - Прва шанса;
- Финансиска поддршка на правни субјекти (микро и мали претпријатија и занаетчии) за отворање нови работни места.

5. **Македонска банка за поддршка на развојот** (www.mbdp.com.mk) е единствената развојна банка во Република Македонија основана со посебен закон - Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот. Македонската банка за поддршка на развојот е развојна и извозна банка чија стратешка цел е да го поддржува и поттикнува развојот на македонското стопанство преку кредитирање на мали и средни претпријатија и извозни компании. Банката работи во согласност со стратешките политики, цели и приоритети на Р. Македонија, под надзор на Министерството за финансии и во согласност со банкарската регулатива под супервизија на Народната банка на Р. Македонија. За своите обврски МБПР одговара со целиот свој имот, а Р. Македонија гарантира за обврските на Банката. МБПР е акционерско друштво чиј основач и 100%-тен сопственик е Република Македонија. Мисијата на МБПР како развојна и извозна банка на Република Македонија е поддршка на создавање нови вредности кои се темелат на знаење, културно наследство и природно богатство со цел постојан и рамномерен развој на сите региони на Република Македонија.

   Македонска банка за поддршка на развојот на малите и средните компании им нуди низа финансиски и нефинансиски услуги кои вклучуваат:

   - финансирање на развојот на македонското стопанство;
   - финансирање на инфраструктурата;
   - поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во Р. Македонија;
   - поттикнување на извозот;
   - поттикнување на заштита на животната средина;
   - осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици;
   - поддршка на регионалниот развој.

6. **Европска банка за обнова и развој - ЕБОР** (www.sep.gov.mk) е основана во 1991 година со цел финансирање структурни проекти во поранешните социјалистички земји од Централна и Источна Европа, поддржувајќи ги во фазата на транзиција кон пазарна економија. Банката е во сопственост на 60 земји и 2 меѓувладини институции (Европската заедница и Европската инвестициона банка), со запишан капитал во вкупен износ поголем од 20 милијарди евра. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) не ја користи директно оваа цврста капитална база за финансирање проекти, туку се задолжува на меѓународните пазари на капитал, постојано придржувајќи се на здравите банкарски принципи.

   Банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија. Таа работи во 27

земји, од Централна Европа до Централна Азија, во кои што се почитуваат демократските принципи.

ЕБОР е активна во Р. Македонија уште од 1993 година. Стратегиските приоритети на ЕБОР во Р. Македонија се во следниве области:

- корпоративен сектор;
- финансиски сектор и
- инфраструктура.

7. **Дирекција за технолошки индустриски развојни зони - ТИРЗ** (**www.fez.gov.mk**) **-** дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во име на Владата на Република Македонија, управува со Технолошко-индустриските развојни зони во Република Македонија. Владата на Република Македонија има основано четири Технолошко-индустриски развојни зони: ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип и ТИРЗ Тетово. Во согласност со концептот и мисијата, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се стреми да прерасне во меѓународен Бизнис центар на Југоисточна Европа со понуда на инфраструктура од светска класа, поддржана со најквалитетни услуги и неспоредливи поволности во регионот и пошироко.
   100% странска сопственост, 0% даноци и царина, без ограничувања од аспект на работната сила, ослободување од комунални такси, симболична цена за закуп на земјиште и директна државна помош во износ до 500.000 евра се само еден сегмент од понудениот пакет поволности.
   Должност на Дирекцијата за ТИРЗ е да воспостави сервисен центар во секоја Технолошко-индустриска развојна зона, преку кој административните одделенија на Дирекцијата за ТИРЗ и испоставите на Царинската управа на Република Македонија нудат административни консултации и услуги и ефикасно царинење за корисниците кои оперираат во зоните. Дирекцијата за ТИРЗ го превзема развојот на Зоните како своја мисија при што се раководи според потребите на инвеститорот и во пракса се стреми кон подигнување на квалитетот на услугите на највисоко ниво со цел да се осигура успехот на инвеститорот.

8. **Комерцијални Банки** кои имаат свои филијали во Скопскиот плански регион:
   - НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (**www.nlbtb.com.mk**)
   - Стопанска банка А.Д. Скопје (**www.stb.com.mk**)
   - Стопанска банка А.Д. Битола (**www.stbbt.com.mk**)
   - Комерцијална банка А.Д. Скопје (**www.kb.com.mk**)
   - Охридска банка А.Д. Скопје (**www.ohridskabanka.mk**)
   - Еуростандард банка А.Д. Скопје (**www.eurostandard.com.mk**)
   - ПроКредит банка А.Д. Скопје (**www.procreditbank.com.mk**)
   - Халк банка А.Д. Скопје (**www.halkbank.mk**)
   - Уни банка А.Д. Скопје (**www.unibank.com.mk**)
   - Алфа банка А.Д. Скопје (**www.alphabank.com.mk**)
   - Шпаркасе банка А.Д. Скопје (**www.sparkasse.mk**)
   - Централна Кооперативна банка А.Д. Скопје (**www.ccbank.mk**)

9. **Фонд за иновации и технолошки развој-ФИТР** (**www.fondzainovacii.mk**)
   Визија на Фондот за иновации и технолошки развој е да биде централна институција за развој и спроведување на националната политика за иновации и технологии во националниот иновациски систем, за постигнување на општествени и економски придобивки за Р. Македонија. ФИТР го гради и зајакнува административниот капацитет преку висок степен на компјутеризација на работните процеси, развивање и давање финансиски и

нефинансиски услуги кон малите и средните претпријатија, со систематска и современа едукација на вработените. Мисијата на ФИТР е поттикнување и поддршка на иновациска дејност кај микро, мали и средни, новоосновани претпријатија за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, како и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на компаниите. Приоритети и цели на ФИТР се:

- Подобрен пристап до финансиските услуги за иновации и технолошки развој;
- Промовирана и поттикната иновациската дејност.

ФИТР ги поттикнува иновациите преку обезбедување дополнителни извори за финансирање на иновациите, бидејќи е потребно да се изгради конкурентна економија основана на знаење, која ќе придонесе за создавање работни места. ФИТР ги остварува целите преку следните инструменти наменети на малите и средните претпријатија од сите региони:

- Кофинансирани грантови за старт-ап;
- Спин оф трговски друштва и иновации;
- Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- Кофинансирани грантови за трансфер на технологии;
- Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори;
- Техничка помош за компаниите и
- Еквити и мезанин инвестиции.

10. **Агенција за промоција и поддршка на туризмот - АППТ** (**www.tourismmacedonia.gov.mk**) е владина организација чија основна функција е промоција на туристичките ресурси и капацитети на Република Македонија на меѓународно ниво. Со основна цел привлекување туристи во Р. Македонија како уникатна туристичка дестинација, агенцијата има започнато со проекти и кампањи финансирани од Владата на Р. Македонија. Главни надлежностите на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот поврзани со работењето на мали и средни претпријатија од областа на туризмот се:

- Активно унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување на анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар;
- Подготвување и реализација на програмата и обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности;
- Формирање и развивање единствен туристичко-информативен систем и негово поврзување со други информативни системи;
- Активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство и соработување со светски познати туроператори за привлекување на што поголем број туристи;
- Поттикнување и координирање на сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството со цел за унапредување и промоција на туризмот;
- Иницирање и насочување меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка за промоција на туризмот;
- Учествува во привлекување инвестиции во туризмот во Р. Македонија.

**11. Стопанска комора на Р. Македонија** (**www.mchamber.org.mk**)[6]

**12. Сојуз на Стопански комори** (**www.chamber.mk**)[7]

**13. Агенција за странски инвестиции и поддршка на извозот - Invest In Macedonia** (**www.investinmacedonia.com**) **-** основана 2005 година, иницијално одговорна како агенција за странски инвестиции, која од 2012 година добива мандат за промоција на извозот. Освен вработените Агенцијата, вклучува над 30 економски промотори во амбасадите на Р. Македонија во светот.

**14. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - АПРЗ** (**www.agencija.gov.mk**) е основана со Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството. АПРЗ преку системот на давање советодавни услуги на земјоделските стопанства (ЗС), има за цел да овозможи трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација кај ЗС во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од ЗС преку теренски посети на ЗС. Агенцијата нуди низа на нефинансиски услуги за мали и средни претпријатија од областа на земјоделието и ги врши следните дејности:

- Давање непосредна помош на земјоделците за примена на соодветни мерки:
  - Во поледелството, лозарството и овоштарството: воведување нови технологии во одгледувањето, избор на видови и сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања;
  - Во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување правилна исхрана за добивање поквалитетни производи (млеко, месо, волна, јајца и друго);
- Соработка со здруженијата на земјоделци и единиците на локалната самоуправа;
- Насочување на земјоделските производители за производство на култури и производи според потребите на пазарот;
- Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата на терен;
- Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители, како и научно-апликативните достигнувања во земјоделското производство;
- Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и рационално користење;
- Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување, преработка на земјоделски производи (од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;

[6] Подетални информации за Стопанска комора на Р. Македонија може да се најдат на страна бр. 24 од оваа Програма

[7] Подетални информации за Сојуз на Стопански комори може да се најдат на страна бр. 25 од оваа Програма

- Стручно оспособување на земјоделските производители преку одржување на советувања, семинари, курсеви и слично;
- Организирање натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
- Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
- Воспоставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
- Давање помош на земјоделските производители за установување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
- Изготвување на информативни и рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници во кои би биле опфатени новитетите од домашни и странски извори на информации од областа на земјоделството.

15. **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - АФПЗРР** (www.ipardpa.gov.mk) **-** со цел поуспешна реализација на мерките на земјоделската политика и политиката на руралниот развој во Република Македонија, на 11 јуни 2007 година, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за основање Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Со тоа се овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на Република Македонија, така и со средствата од претпристапната помош на Европската унија наменети за руралниот развој.

Агенцијата во рамките на своите активности ги врши следниве работи:

- Прием, евиденција и обработка на барања за финансиска поддршка;
- Одобрување на исплата на средства;
- Организирање на финансиски и сметководствени работи;
- Внатрешна ревизија;
- Организирање, спроведување и координирање на административните и технички контроли и контролите на лице-место;
- Прибирање и обработка на податоци;
- Водење бази на податоци и регистри;
- Подготовка на извештаи и анализи.

За вршење на работите Агенцијата ги спроведува следните постапки:

- Објавување огласи и критериуми за доделување на финансиска поддршка;
- Одобрување финансиски средства во согласност со критериумите;
- Склучување договори за финансиска поддршка со корисниците;
- Вршење исплати;
- Вршење контрола на терен пред и по одобрување на барањето;
- Одобрување на прифатливите финансиски расходи на барателите пред исплата на финансиските средства;
- Следење на реализацијата на проектот;
- Водење постапки против корисници кои ги искористиле финансиските средства спротивно на договорот.

16. **Македонска развојна фондација за претпријатија** (www.mrfp.org.mk)

Македонската развојна фондација за претпријатијата делува на територијата на Република Македонија. Директни клиенти на Македонска развојна фондација за претпријатијата се акредитираните посредници вклучени во

испорака на финансиски услуги, како и организации на претприемачи со кои развива партнерства за промоција на претприемништво, а полето на делување опфаќа:

- подобрување на пристап до финансиски услуги,
- промоција на претприемништвото,
- иновациите во компаниите.

**<u>Интернационални даватели на услуги за бизнисот во Скопскиот плански регион</u>**

**1.** Меѓународни донаторски организации како:

**а) Програмата за развој на Обединетите Нации во Р. Македонија - УНДП** (**www.mk.undp.org**) опфаќа проекти за поддршка на услугите на локално ниво вклучувајќи иновативни облици на испорака на локалните услуги преку меѓуопштинска соработка, создавање мрежи за инклузивен локален и регионален развој, поддршка за програмирање и спроведување на децентрализацијата, како и проекти поврзани со активните мерки за вработување, поддршка на младите и жените, во сите региони и повеќето општини во Република Македонија.
Активностите на UNDP во Р. Македонија, меѓу другото, ги вклучуваат и следните програми:

- **Промоција на одржливи вработувања:** програма преку која повеќе од 5.000 жители на Р. Македонија обезбедија вработување преку создавање сопствени компании или формализација на нивните постоечки бизниси;
- **Зајакнување на ефективноста на поддршката**: проект кој обезбедува поддршка на Секретаријатот за Европски прашања во насока на зајакнување и промоција на агендата за ефективноста на поддршката во многу полиња, како: развој на човечки капитал, промоција на бизнис развој, компетитивност и иновација, земјоделие, екологија, правда и внатрешни работи, локална самоуправа, децентрализација и реформи во јавната администрација;
- **Локален развој**: проект кој им помага на локалните самоуправи во справувањето со комплексните реформи, осигурувајќи ефикасни и транспарентни услуги на сите жители на локалните самоуправи со цел обезбедување локален развој. Овој проект им помага на локалните самоуправи во прифаќањето на интегриран пристап кон развојот, вклучително економските и социјалните аспекти;
- **Добро владеење - испорачување подобри услуги на сите**: проект кој има за цел да ги зајакне институциите и да ги развие вештините на јавните администратори во креирањето политики и испорачување подобри услуги за сите;
- **Социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството.** Цел на овој проект е поддршка на националните напори кои ја подобруваат социјалната и економската положба на индивидуи и групи на работ на социјална ексклузија;
- **Енергија и животна средина - осигурување одржлив развој**: проект кој има за цел да им помогне на одлучувачите во инкорпорирањето на акции против загадување, губење на биодиверзитетот, зависност од енергија и климатски промени во работењето на нивните институции.

**б) Програмата за регионален економски развој во Р. Македонија - ГИЗ-РЕД** (**www.giz.de/en**) е програма за билатерален развој и кооперација со Р. Македонија која функционира уште од 1992 година. Тековните билатерални кооперативни активности со Р. Македонија се фокусирани на следните приоритетни области:

- **Одржлив економски раст** и
- **Демократизација и граѓанско општество.**

ГИЗ-РЕД промовира регионален и локален економски развој, како и поддршка на автономната имплементација на ЕУ политиките во насока на избалансиран регионален развој во Р. Македонија. ГИЗ РЕД Програмата во Р. Македонија вклучува **Програма за регионален и локален економски развој,** преку која на регионалните структури им се овозможува да планираат, имплементираат и менаџираат комплексни регионални мерки, како и мерки со среднорочно и долгорочно ЕУ финансирање и тоа на транспарентен и ефикасен начин.

Клучен национален проект е **„Регионален и локален развој"**, проект чии партнери се Кабинетот на потпретседател на Владата на РМ за економски прашања и Министерството за локална самоуправа. Преку овој проект дефинирани се и поддржани капацитетите на национално ниво, активностите на регионално ниво и работењето на Центрите за развој на планските региони. Тематски е поврзан со проектот за Мрежата на локални заедници во Југоисточна Европа (НАЛАС).

**в) Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија - УСАИД** (**www.usaid.gov**) ги поддржува напорите на Р. Македонија во зајакнувањето на демократските практики и институции, зголемувањето на економскиот раст и подобрувањето на квалитетот на образованието. УСАИД повеќе години го поддржува економскиот развој и процесот на добро владеење во општините. Клучни проекти релевантни за услугите кон приватниот сектор се следните:

- **Проект ИДЕАС** за поддршка на промоција на извозот, преку градење на капацитетите на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот;
- **Проект за експанзија на мали бизниси**, фокусиран во Пелагонискиот и Полошкиот, а од неодамна и во Североисточниот плански регион, кој работи на директна поддршка на експанзијата на малите и средни претпријатија, а трае до 2016 година;
- **Мрежа за младински вештини за вработување** (YES Network) насочен кон јакнење на вештините за вработување, во соработка со АВРМ и средните училишта.

Активностите на УСАИД во Р. Македонија се фокусирани во неколку сектори, од кои најголемо значење за малите и средните компании од Скопскиот плански регион има:

- **Програмата за економски раст** која се фокусира на подобрување на бизнис опкружувањето и зголемување на компетитивноста на малите и средните компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Оваа програма вклучува неколку проектни области и тоа:
  - Микро претпријатија и приватен сектор;
  - Земјоделски пазари и трговија;
  - Развојни кредити и пристапи до финансии и
  - Економски политики.

**г) Швајцарска развојна соработка (SDC - Swiss Development Cooperation) и Државен секретаријат за економски работи (SECO - State Secretariat for Economic Affairs)** (**www.eda.admin.ch**) воспоставени се со цел имплементација на неколку програми од областа на економските

реформи. Општа цел на овие институции е понатамошно прилагодување на македонскиот економски систем кон пазарно базирана економија која креира работни места и развој. Развојот на економските перспективи и справувањето со константно високата стапка на невработеност, особено помеѓу младите луѓе, жените и маргинализираните групи се фундаменталните предизвици во кои SDC и SECO ѝ помагаат на Р. Македонија. Истовремено, SDC и SECO работат и на предизвиците на малите и средните компании во поглед на пристапот до финансии и недостигот на квалификувана работна сила. Подрачјата во кои Р. Македонија добива помош од овие две институции се:

- **Добро владеење, полови и трансферзални теми** кои вклучуваат интервенции за намалување на половите разлики, активности за добро владеење и иницијативи за економско зајакнување на жените. Во рамките на оваа тема се вклучени и активности кои посветуваат внимание на етничките односи.
- **Регионалната соработка** е важен елемент на стратегиите на соработка на Швајцарија во поглед на разрешувањето на специфични проблеми во еден регион преку кооперација помеѓу земјите. Глобалните и регионалните иницијативи во рамките на оваа соработка охрабруваат градење на капацитети, поддршка на бенчмаркингот и придонесуваат кон реформи во финансискиот менаџмент. Во рамките на оваа програма во Р. Македонија се стимулираат меѓународни развојни партнерства при промоција на иновативни идеи и размена на знаења и вештини на регионално ниво.

  Р. Македонија учествува и во долготрајни регионални програми од областите на истражување, наука и соработка при креирање политики, како и во Програмата за инклузија на Ромите.

# 7. ЛИСТА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Во Скопскиот плански регион постојат голем број институции и организации кои на компаниите од регионот континуирано им ставаат на располагање различни видови извори на финансирање. Во табелата се прикажани изворите на финансирање за приватниот сектор од Скопскиот плански регион:

| | Потенцијални извори на финансирање за приватниот сектор |
|---|---|
| 1. | **Меѓународни донаторски организации:**<br>✓ *Програма за развој на Обединетите Нации во Р. Македонија (УНДП)*<br>✓ *Програма за регионален економски развој во Р. Македонија (ГИЗ РЕД)*<br>✓ *Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија - (УСАИД)*<br>✓ *Швајцарска развојна соработка (SDC) и Државен секретаријат за Економски работи (SECO)* |
| 2. | **Национални програми за поддршка на мали и средни претпријатија** |
| 3. | **ЕУ Фондови** |
| 4. | **Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР)** |
| 5. | **Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)** |
| 6. | **Комерцијалните банки**<br>✓ НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје<br>✓ Стопанска банка А.Д. Скопје<br>✓ Стопанска банка А.Д. Битола<br>✓ Комерцијална банка А.Д. Скопје<br>✓ Охридска банка А.Д. Скопје<br>✓ ПроКредит банка А.Д. Скопје<br>✓ Халк банка А.Д. Скопје<br>✓ Уни банка А.Д. Скопје<br>✓ Алфа банка А.Д. Скопје<br>✓ Шпаркасе банка А.Д. Скопје<br>✓ Централна кооперативна банка А.Д. Скопје<br>✓ Еуростандард банка А.Д. Скопје |
| 7. | **Министерство за финансии**<br>✓ Сектор за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) |
| 8. | **Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)** |
| 9. | **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** |
| 10. | **Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР)** |
| 11. | **Останати финансиски институции**<br>✓ Кримсон Капитал<br>✓ Штедилница Можности<br>✓ Штедилница ФУЛМ<br>✓ ХОРИЗОНТИ Микрокредити<br>✓ Штедилница МАК-БС |

Табела 8: Листа на потенцијални извори на финансирање за приватниот сектор во СПР

1. **Меѓународни донаторски организации:**

**а) Програмата за развој на Обединетите Нации во Р. Македонија - УНДП** (**www.mk.undp.org**) со нејзините програми и мерки за економски развој на Р. Македонија и поддршка на малите и средните претпријатија:

- **Промоција на одржливи вработувања;**
- **Зајакнување на ефективноста на поддршката;**
- **Локален развој;**
- **Добро владеење - испорачување подобри услуги на сите;**
- **Социјална инклузија - зајакнување на најранливите категории во општеството;**
- **Енергија и животна средина - осигурување одржлив развој.**

**б) Програмата за регионален економски развој во Р. Македонија - ГИЗ РЕД** (**www.giz.de/en**) со тековните билатерални кооперативни активности во Р. Македонија фокусирани на:

- **Одржлив економски раст** и
- **Демократизација и граѓанско општество.**

ГИЗ РЕД Програмата во Р. Македонија вклучува и **Програма за Регионален и локален економски развој**, програма преку која на регионалните структури им се овозможува да планираат, имплементираат и менаџираат комплексни регионални мерки, како и мерки со среднорочно и долгорочно ЕУ финансирање и тоа на транспарентен и ефикасен начин.

**в) Агенција за меѓународен развој на САД во Р. Македонија - УСАИД** (**www.usaid.gov**) со големиот број програми и мерки, од кои најголемо значење за малите и средните компании од Скопскиот плански регион има:

- **Програмата за економски раст,** која се фокусира на подобрување на бизнис опкружувањето и зголемување на компетитивноста на малите и средните компании во секторите со потенцијал за раст и креирање работни места. Оваа програма вклучува неколку проектни области и тоа:
  - **Микро претпријатија и приватен сектор,**
  - **Земјоделски пазари и трговија,**
  - **Развојни кредити и пристапи до финансии и**
  - **Економски политики.**

**г) Швајцарска развојна соработка (SDC) и Државен секретаријат за економски работи (SECO)** (**www.eda.admin.ch**) со програмите:

- **Добро владеење, полови и трансферзални теми** и
- **Регионална соработка.**

2. **Национални програми за поддршка на мали и средни пререпријатија**
Во Р. Македонија постојат и неколку програми кои нудат директна поддршка на приватниот сектор од цела земја. Овие програми се финансирани од страна на Буџетот на Р. Македонија и вклучуваат:

- **Програма за рурален развој** на Агенцијата за поддршка на земјоделството на Р. Македонија: предвидува средства за изградба на хотелски објекти во рурални средини (50% грант средства до 400.000 евра);
- **Програма за конкурентност, иновации и претприемништво** нуди средства за воведување на ХАСАП систем до 5.000 евра;
- **Програма за промоција и поддршка на туризмот** нуди средства за: подготвување, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал; учество на туристички саеми; билборд кампањи и реклами во печатени медиуми; користење на социјални мрежи и промоција на веб пребарувачи.

3. **ЕУ Фондови**
ЕУ Фондовите кои им се на располагање на компаниите во Скопскиот плански регион овозможуваат континуирана поддршка на развојот на македонската економија и на самите компании. ЕУ фондовите вклучуваат: *Програми на заедниците, Регионални програми за Југоисточна Европа и Национални програми - ИПА фондови*. ЕУ фондови во кои компаниите од Скопскиот плански регион можат да аплицираат за добивање финансиски и нефинансиски услуги ги вклучуваат следните програми:

- **ХОРИЗОНТ 2020** (www.ec.europa.eu/programmes/horizon2020/)
Програма за истражувања и иновации чија основна цел е да се поттикне соработката помеѓу компаниите и истражувачките институции со цел создавање конкурентни производи и конкурентни иновативни МСП. Програмата Хоризонт 2020 се однесува за периодот 2014-2020, има буџет од 79,4 милијарди евра и цели кон истражувања и иновации во индустријата и општеството.

- **КОСМЕ** (www.ec.europa.eu/enterprise/initiatives/cosme/)
КОСМЕ е Програма за конкурентност и иновативност на ЕУ (2014-2020) и претставува компатибилна програма за компаниите (со финансиските инструменти и МСП инструментот). Главни цели на КОСМЕ програмата се:
    - Пристап до финасии за МСП,
    - Нови услуги за МСП,
    - Претприемничка култура,
    - Одржлива конкуретност на ЕУ бизнисот,
    - Интернационализација на МСП и подобрување на пристапот на ЕУ пазари.

- **ПРОГРЕС +** (www.ec.europa.eu/)
ПРОГРЕС + е програма за вработување и создавање квалификуван кадар, програма која на малите и средните претпријатија им овозможува можност за градење на капацитетите на вработените.

- **Лајф +** (www.ec.europa.eu/environment/life/funding/lifeplus)
Лајф + е програма за заштита на животната средина. Главен таргет на оваа програма се компании кои превземаат мерки за заштита на животната средина.

4. **Македонска банка за поддршка на развојот** ([www.mbdp.com.mk](www.mbdp.com.mk))

Македонска банка за поддршка на развојот е развојна и извозна банка чија стратешка цел е да го поддржува и поттикнува развојот на Македонското стопанство преку кредитирање на мали и средни претпријатија и извозни компании. Македонската банка за поддршка на развојот ги нуди следните финансиски производи на малите и средните претпријатија:

- КРЕДИТИРАЊЕ:
  - Кредит за поддршка на извозот - обртни средства за подготовка на производство наменето за извоз и обртни средства за премостување на периодот од направениот извоз до наплатата на средствата од странскиот купувач;
  - Кредит за мали и средни претпријатија - трајни обртни средства и инвестиции од различни извори: ИКЛ-револвинг, МБПР, ЕИБ, ЕИБ-револвинг;
  - Кредит за поддршка на земјоделството и агроиндустријата - примарно производство, преработка и извоз - преку комерцијалните банки или директно преку МБПР;
  - Кредит за микро компании - микро и мали трговски друштва, индивидуални претприемачи, занаетчиски дуќани, приватни трговци, тезги на пазар и други микро и мали стопански субјекти;
  - Кредит за енергетика - енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;
  - Кредит за намалување на невработеноста - создавање и одржување на работни места и самовработување со кредитирање;
  - Кредит со гарантна шема - микро, мали и средни трговски друштва кои немаат доволно обезбедување при аплицирање кај деловните банки;
  - Кредит за сместувачки капацитети - инвестиции за микро, мали и средни претпријатија со седиште во Р. Македонија за купување, изградба и адаптација на мали сместувачки капацитети до 70 легла, со стандард не поголем од три ѕвезди;
  - Кредит за старечки домови и градинки - микро, мали и средни претпријатија со седиште во Р. Македонија за изградба и опремување на установи за стари лица и детски градинки;
  - Кредит за општините во Р. Македонија - за реализација на проекти од ИПА компонента за прекугранична соработка.

- КРЕДИТНО ОСИГУРУВАЊЕ на:
  - Домашни побарувања (пред и по испорака);
  - Извозни побарувања (пред и по испорака);
  - Од комерцијални и политички ризици.

- ФАКТОРИНГ (финансиска активност со која една фирма ги продава своите побарувања од купувачите на финансиски посредник - фактор (банка, финансиско друштво итн.) по намалена (дисконтирана) вредност, а потоа факторот ги наплатува побарувањата од должниците).

5. **Европската банка за обнова и развој** ([www.sep.gov.mk](www.sep.gov.mk))

Пристапот на ЕБОР во решавање на сложените транзициски предизвици се заснова на стратегии, политики и процедури. Разликата помеѓу земјите од регионот во кои работи Банката е голема, па таа ги приспособува своите производи и се насочува секторски за да ги задоволи конкретните пазарни потреби на секоја земја. Се развиваат и следат стратегии за земјите, поединечно за секоја од 27те земји во којашто работи. Исто така, Банката има и секторски политики, во кои формално се утврдува стратегијата за следниве

сектори: земјоделство; енергетика; општинска инфраструктура и животна средина; природни ресурси; сопственост; шпедиција; транспорт; телекомуникации, информатика и јавни гласила.

Финансирањето проекти е основна дејност на ЕБОР. Банката обезбедува финансирање со заеми и акционерски капитал, гаранции, лизинг, поддршка на трговија како и финансирање на професионален развој преку програми за поддршка. Конкретните решенијата се креираат според потребите на клиентот и на проектот, како и според специфичната состојба во земјата, регионот и секторот. Досега, ЕБОР има доделено повеќе од 22,7 милијарди евра за проекти во приватниот и во државниот сектор.

Големите проекти на Банката се движат од 5 милиони евра до 250 милиони евра (повеќе од 20 милијарди евра се обезбедени за над 800 големи проекти). Овие проекти треба да ги исполнуваат основните услови, како што се: да бидат профитабилни и да се од значење за локалната економија, да ги задоволуваат стандардите за заштита на животната средина, да бидат дополнително финансирани од спонзори и од други ко-финансиери.

Малите проекти речиси секогаш се финансирани преку финансиски посредници, како што се комерцијалните банки, банките за микробизниси, капиталните фондови и институциите што работат со лизинг, на тој начин обезбедувајќи им на претприемачите и на малите фирми поголем пристап до финансиски средства.

Програмата за олеснување на трговијата обезбедува кредитни олеснувања во форма на гаранции од ЕБОР, издадени во корист на меѓународни комерцијални банки. Банката, исто така, обезбедува директно финансирање на банките во регионот, со цел понатамошно позајмување на локалните компании за трговски активности. ЕБОР е активна со следните програми за поддршка на развојот на деловните активности на МСП:

- Програма за управување со организациски промени – ТАМ (се разменува менаџерски „know-how“ и се развиваат деловни способности);
- Програма за деловни советодавни услуги - БАС (се развива професионалниот капацитет на локалните консултанти кои ќе им обезбедуваат на МСП стручни совети за деловното извршување);
- Заеднички виенски институт (спроведува семинари за менаџери во претпријатија, претприемачи и владини службеници).

**6. Комерцијални банки**

Комерцијални банки кои имаат свои филијали во Скопскиот плански регион нудат најразлични видови финансиски услуги за приватниот сектор во Скопскиот плански регион. Листата на комерцијални банки кои работат во регионот, заедно со некои од најважните финансиски услуги кои ги нудат за приватниот сектор во регионот се дадени подолу:

1. НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје;
2. Стопанска банка А.Д. Скопје;
3. Стопанска банка А.Д. Битола;
4. Комерцијална банка А.Д. Скопје;
5. Охридска банка А.Д. Скопје;
6. Еуростандард банка А.Д. Скопје.
7. ПроКредит банка А.Д. Скопје;
8. Халк банка А.Д. Скопје;
9. Уни банка А.Д. Скопје;
10. Алфа банка А.Д. Скопје;
11. Шпаркасе банка А.Д. Скопје и
12. Централна кооперативна банка А.Д. Скопје.

**1. НЛБ ТУТУНСКА БАНКА А.Д. Скопје (www.nlbtb.com.mk)**

| НЛБ ТУТУНСКА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Рамковен револвинг кредит лимит |
| **2.** | МБПР - ПКФ кредитна линија |
| **3.** | МРФП кредитна линија |
| **4.** | МБПР - Земјоделски кредитен дисконтен фонд |
| **5.** | АГРО Бизнис |
| **6.** | Кредити за деловен простор |
| **7.** | АВТО бизнис |
| **8.** | БИЗНИС ПЛУС денарски кредит |
| **9.** | Долгорочни кредити за микро и мали бизниси |
| **10.** | Кредити обезбедени со депозит |
| **11.** | Краткорочни денарски кредити |
| **12.** | Револвинг кредит |
| **13.** | Кредити за набавка на ОПРЕМА |
| **14.** | БРЗ бизнис кредит |
| **15.** | МБПР - ЕИБ кредитна линија за финансирање на МСП проекти |
| **16.** | Краткорочен кредит 6+6 |
| **17.** | О2 лимит - револвинг кредит |

Табела 9: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје

**2. СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Скопје (www.stb.com.mk)**

| СТОПАНСКА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **Кредитни производи за микро и мали бизниси** | Инвестиционен кредит |
| | Кредит за обртен капитал |
| | Автомобилски бизнис кредити |
| | Гаранции и Акредитиви |
| | Кредит без обезбедување |
| | Дозволено пречекорување |
| **Кредити, гаранции и акредитиви за средни и големи компании** | Краткорочен кредит |
| | Гаранции |
| | Акредитиви |
| | Рамковен лимит |
| | Долгорочен или инвестиционен кредит |

Табела 10: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Стопанска банка А.Д. Скопје

### 3. СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола (www.stbbt.com.mk)

| СТОПАНСКА БАНКА АД Битола - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **Краткорочни кредити** | Денарски кредити |
| | Девизни кредити |
| **Долгорочни кредити** | Денарски кредити |
| | Девизни кредити |
| **Кредитни линии кои се реализираат преку Банката** | Кредитна линија од МБПР за учество во програмата за финансирање на извозот |
| | Кредитна линија за кредитирање мали и средни пртпријатија за трајни обртни средства |
| | Програма за кредитирање на развојот на мали и средни претпријатија |
| | Кредитна линија од Светска Банка (револвинг фонд) |
| | Кредити од средствата на ЗКДФ |
| | Кредитна линија од ЕИБ |

Табела 11: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Стопанска банка А.Д. Битола

### 4. КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. Скопје (www.kb.com.mk)

| КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **Кредити од извори на средства на Банката** | Денарски кредити и денарски кредити со девизна клаузула |
| | Девизни кредити |
| **Кредитни линии** | Кредитна програма за поддршка на микро, мали и средни трговски друштва со средства од посебен кредитен фонд реализирана преку МБПР |
| | Кредитна линија од МБПР за учество во програмата за финансирање на извозот |
| | Кредити од средствата на ЗКДФ – проект за финансиски услуги во земјоделството |
| | Програма за кредитирање на развојот на мали и средни претпријатија реализирана преку МБПР |
| | Кредитна линија од ЕИБ реализирана преку МБПР за учество во Програма за кредитирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти во износ од 100.000.000,00 евра |
| | Програма за кредитирање на развојот од Италијанската кредитна линија реализирана преку МБПР |
| | Проект: Кредитирање на микро и мали претпријатија за отворање нови работни места од средства на АВРМ, со посредство на МБПР |

Табела 12: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Комерцијална банка А.Д. Скопје

**5. ОХРИДСКА БАНКА А.Д. Скопје** (www.ohridskabanka.mk)

| ОХРИДСКА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **Краткорочни кредити** | Денарски кредити (Business overdraft) |
| | Денарски кредити индексирани во ЕУР |
| | Девизни кредити |
| | Рамковен кредит |
| **Кредити на среден рок** | Денарски кредити |
| | Денарски кредити индексирани во ЕУР |
| | Девизни кредити на среден рок |
| **Долгорочни инвестициони кредити** | Денарски кредити |
| | Денарски кредити индексирани во ЕУР |
| | Долгорочни девизни кредити |
| **Странски кредитни линии** | Револвинг фонд на Заемот за креирање на нови работни места на Банката за развој при Советот на Европа |
| | Проект за развој на приватниот сектор на Фондот за меѓународна соработка и развој (ИЦДФ) - Република Кина – Тајван |
| | Италијанска кредитна линија - Револвинг фонд |
| | Кредит за трајни обртни средства од ИКЛ-Револвинг фонд |
| | Проект на Македонската банка за поддршка на развој на мали и средни друштва |
| | Револвинг фондови формирани од средствата на кредитната линија за развој на приватниот сектор од Светска банка |
| | Договор за учество во кредитната линија од Советот на Европа преку МБПР |
| | Кредити за поддршка на конкурентност на мали и средни претпријатија |
| | Кредити за енергетска ефикасност |
| | Земјоделски дисконтен кредитен фонд |
| | Кредитна линија од Европска инвестициона банка преку МБПР |

Табела 13: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Охридска банка А.Д. Скопје

**6. ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД Скопје** (www.eurostandard.com.mk)

| ЕУРОСТАНДАРД БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Долгорочен кредит за постојани средства |
| **2.** | Долгорочен кредит за трајни обртни средства |
| **3.** | Краткорочен кредит за обртни средства |
| **4.** | ОВЕРДРАФТ |

Табела 14: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Еуростандард Банка А.Д. Скопје

### 7. ПРОКРЕДИТ БАНКА А.Д. Скопје (www.procreditbank.com.mk)

| ПРОКРЕДИТ БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Инвестиции во основни средства, обртни средства и ликвидност |
| **2.** | Еко кредити |
| **3.** | Кредити од други извори |
| **4.** | Агро кредити |
| **5.** | Кредити за инвестиции |
| **6.** | Кредити за агромеханизација |
| **7.** | Кредитна линија за поддршка на земјоделието со средства од Земјоделски кредитен дисконтен фонд преку МБПР |

Табела 15: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Прокредит банка А.Д. Скопје

### 8. ХАЛК БАНКА А.Д. Скопје (www.halkbank.mk)

| ХАЛК БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Кредити за обртни средства |
| **2.** | Факторинг кредит |
| **3.** | Кредити за фиксни средства |
| **4.** | Контокорентен кредит |
| **5.** | Кредити за фиксни и обртни средства од кредитни линии |
| **6.** | Денарски гаранции |
| **7.** | Девизна гаранција |
| **8.** | Акредитив |
| **9.** | Инкасо |

Табела 16: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Халк банка А.Д. Скопје

### 9. УНИ БАНКА А.Д. Скопје (www.unibank.com.mk)

| УНИ БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Рамковни кредити |
| **2.** | Кредит за обртни средства |
| **3.** | Инвестициони кредити |
| **4.** | Кредити со кеш покритие |
| **5.** | Кредит за енергетска ефикасност |
| **6.** | Дозволени пречекорувања по трансакциска сметка |
| **7.** | Револвинг кредит кој се користи со Mastercard® кредитна картичка |

Табела 17: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на УНИ банка А.Д. Скопје

**10. АЛФА БАНКА А.Д. Скопје (www.alphabank.com.mk)**

| АЛФА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Кредити за обртни средства |
| **2.** | Гаранции |
| **3.** | Инвестициони кредити |
| **4.** | Рамковни кредити |

Табела 18: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Алфа банка А.Д. Скопје

**11. ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА А.Д. Скопје (www.sparkasse.mk)**

| ШПАРКАСЕ БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **Краткорочни кредити** | Краткорочен кредит за ликвидност |
| | Краткорочен кредит за обртни средства |
| | Краткорочен кредит обезбеден со минимум 100% депозит, банкарска гаранција и хартии од вредност издадени од Р. Македонија |
| | Откуп на побарувања |
| | Краткорочен револвинг кредит |
| | Краткорочен повеќенаменски обврзувачки лимит |
| **Долгорочни кредити** | Кредити за трајни обртни средства |
| | Долгорочен повеќенаменски обврзувачки лимит |
| | Инвестициски кредити |
| | Финансирање на проекти за производство на електрична енергија од обновливи извори |
| **Кредитни линии во соработка со други финански институции** | Кредитни линии преку МБПР |
| | Кредитни линии преку ЕБОР |

Табела 19: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Шпаркасе банка А.Д. Скопје

**12. ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. Скопје (www.ccbank.mk)**

| ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА - Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор | |
|---|---|
| **1.** | Бизнис кредит: Доверба |
| **2.** | Бизнис кредит: Обрт |
| **3.** | Бизнис кредит: Раст |
| **4.** | Бизнис кредит: Микро |
| **5.** | Микро земјоделски кредит |
| **6.** | Бизнис кредит „Експорт" |

Табела 20: Кредитни линии и финансиски услуги за приватен сектор на Централна Кооперативна банка А.Д. Скопје

## 7. Министерство за Финансии (www.finance.gov.mk)[8]

[8] Подетални информации за Министерство за финансии може да се најдат на страна бр. 29 од оваа Програма

8. **Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - АПРЗ** (**www.agencija.gov.mk**)
Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството преку системот на давање советодавни услуги на земјоделските стопанства (ЗС), има за цел да овозможи трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација кај ЗС во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од ЗС преку теренски посети на истите. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството е директно одговорна за ИПАРД фондовите кои задолжително се трошат по утврдените мерки во ИПАРД Програмата и тоа за:
   - **Мерка 101** - Инвестиции во земјоделските стопанства за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија;
   - **Мерка 103** - Инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија;
   - **Мерка 302** - Инвестиции за диверзификација и развој на руралните економски активности.

**Мерка 101** - Инвестиции во земјоделските стопанства за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија
**Приоритетни сектори**:

- Лозарство, овоштарство, градинарство,
- Одгледување млечен добиток за примарно производство на млеко и
- Одгледување добиток и живина за ТОВ за производство на месо.

| Проекти кои се прифатливи со мерката 101 | |
|---|---|
| **1011 Лозови насади**<br>▪ 10111 Обновување и модернизација на постоечки лозови насади | **1014 Одгледување на животни за производство на млеко**<br>▪ 10141 Изградба/обновување на објекти за одгледување на молзни крави, овци и кози |
| **1012 Овошни насади**<br>▪ 10121 Обновување и модернизација на постоечки овошни насади<br>**1013 Производство на зеленчук**<br>▪ 10131 Изградба/реконструкција и модернизација на пластеници и стакленици<br>▪ 10132 Модернизација на производство на зеленчук на отворено | **1015 Одгледување на животни за производство на месо**<br>▪ 10151 Изградба/обновување на објекти за одгледување на свињи<br>▪ 10152 Воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките |

Табела 21: Листа на прифатливи проекти со мерката 101

**Мерка 103** - Инвестиции во преработката и пласман на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи за нивно преструктуирање и надградба до стандардите на Европската унија
**Приоритетни сектори:**

- Производство на вино,
- Преработка на овошје и зеленчук,
- Преработка на млеко и млечни производи и
- Производи од месо.

| Проекти кои се прифатливи со мерката 103 | |
|---|---|
| **1031 Производство на вино**<br>▪ 10311 Подобрување на квалитетот на виното | **1033 Преработка на млеко и млечни производи**<br>▪ 10331 Воспоставување и модернизација на собирни центри за млеко<br>▪ 10332 Инвестиции за модернизација и технолошко осовременуување на капацитетите за преработка на млечни производи |
| **1032 Преработка на овошје и зеленчук**<br>▪ 10321 Воспоставување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук<br>▪ 10322 Модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук | **1034 Производи од месо**<br>▪ 10341 Воспоставување на кланични капацитети за живина<br>▪ 10342 Модернизација и технолошко осовременување на постоечките линии на кланици за говеда, свињи, овци и живина<br>▪ 10343 Инвестиции за преструктуирање на производните капацитети за преработка на месо |

Табела 22: Листа на прифатливи проекти со мерката 103

**Мерка 302** - Инвестиции за диверзификација и развој на руралните економски активности

**Приоритетни сектори:**

- Поддршка на микро претпријатијата во руралните области,
- Промовирање на активности од рурален туризам.

| Проекти кои се прифатливи со мерката 302 | |
|---|---|
| **3021 Инвестиции за воспоставување и подобрување на не земјоделски производствени активности во рурални средини**<br>▪ 30211 Создавање на мали капацитети за производство на храна<br>▪ 30212 Создавање на активности за непрехрамбени активности<br>▪ 30212 Воспоставување и модернизирање на откупни центри за шумски производи<br>▪ 30215 Поддршка за услужни дејности во рурални средини (неземјоделски услуги) | **30221 Воведување алтернативни системи за земјоделско производство**<br><br>**30231 Инвестиции за воспоставување на машински прстени**<br><br>**30232 Воспоставување и унапредување на приватните ветеринарни услуги**<br><br>**30241 Изградба/реконструкција и модернизирање на капацитетите за сместување на отворено** |

Табела 23: Листа на прифатливи проекти со мерката 302

## 9. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - АФПЗРР (www.ipardpa.gov.mk)

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на Р. Македонија, така и со средствата од претпристапната помош на ЕУ наменети за руралниот развој.

АФПЗРР ги вклучува следните сектори кои се директно поврзани со претпристапната помош на Европската унија за рурален развој:

- Сектор за внатрешна ревизија;
- Секторот за одобрување на плаќања;
- Сектор за контрола;
- Сектор за финансиски прашања и
- Сектор за општи и правни работи.

Надлежности на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој вклучуваат:

- Извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството;
- Интервенции на пазарот на земјоделски производи;
- Имплементација на производните квоти;
- Извршување на мерките за рурален развој;
- Реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој;
- Спроведување на мерките на државна помош во земјоделството.

**10. Фонд за иновации и технолошки развој - ФИТР**
(www.fondzainovacii.mk)
Фондот за иновации и технолошки развој ги поттикнува иновациите преку обезбедување на дополнителни извори за финансирање на иновациите со помош на следните инструменти:

- **Кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации** - инструмент наменет за финансирање на новоосновани, микро и мали и средни компании, регистрирани во Република Македонија, а со цел поттикнување на иновативноста кај компаниите, имплементирање на иновативни решенија и поддршка на компании кои имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање на спин-оф компании.
- **Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации и кофинансирани грантови за трансфер на технологии** - обезбедува финансирање до максимум 85% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 30.000 евра.
- **Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации** - инструмент наменет за микро, мали и средни претпријатија што сакаат да развијат иновативен производ или процес, сами или во соработка со друга компанија или установата која врши високообразовна, односно научно-истражувачка дејност. Инструментот ќе биде наменет за мали и средни претпријатија регистрирани во Република Македонија со цел да се реализираат и имплементираат иновативни решенија, иновативни процеси и да се воведе иновацијата во компаниите, вклучувајќи поддршка за компании со висок потенцијал за раст.
- **Кофинансирани грантови за трансфер на технологии -** инструмент кој има за цел да ја поттикне имплементацијата на нови иновативни и подобрени технологии, know-how и технолошки процеси. Со овој инструмент се очекува да се постигне долгорочен позитивен придонес за развојот на националната економија, подобрување на конкурентноста преку технолошки и оперативни унапредувања и обезбедување нови работни места. Инструментот е наменет за финансирање на програми за воведување на иновативни и напредни технологии во малите и средни претпријатија, основани во Република Македонија. Програмите за трансфер на технологии се фокусирани на помагање на МСП да ја подобрат нивната продуктивност, да ги зголемат стандардите за квалитет и да воведат процеси за развој на нови производи.

- **Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори -** фондот преку техничка помош ќе го поддржи формирањето на деловно-технолошки акцелератори - субјекти за давање инфраструктурна поддршка на иновациската дејност според Законот за иновациска дејност, со цел акцелерација на претприемништвото преку поддршка на физички лица кои сакаат да основаат трговско друштво, како и веќе основани компании во нивната почетна фаза (кои постојат максимум шест години) преку обезбедување на едукативна, логистичка и финансиска помош.

**11. Останати финансиски институции**

1. Кримсон Капитал,
2. Штедилница Можности,
3. Штедилница ФУЛМ,
4. ХОРИЗОНТИ Микрокредити и
5. Штедилница МАК-БС.

**1. Кримсон Капитал** (**www.crimsoncapital.org**)

Кримсон Капитал е водечка меѓународна инвестициска банка и менаџмент консалтинг фирма. Основана во 1991 година за да им обезбеди приватизација и експертиза за реструктуирање на новите пазари во Источна Европа, Crimson преминува во глобална компанија, испорачувајќи динамична развојна помош низ пет континенти. Со канцеларии во Атланта, Прага, Скопје, Приштина, Ла Паз и Пекинг, директорите и консултантите на Crimson располагаат со искуство и професионален know-how за широк спектар на услуги и сектори.

- **Комерцијален фонд за финансирање на МСП**

  Кримсон Капитал го дизајнира и управува овој фонд од 4.000.000$, кој нуди иновативни, краткорочни обртни средства и финансиски производи за мали и средни претпријатија во Р. Македонија. Фондот директно се насочува кон проблемот на „недостаток на средината", во кој поголемиот дел од компаниите во земјите во развој не можат да добијат краткорочни обртни средства за финансирање кои се потребни за да се развиваат, да вработуваат повеќе лица, да го зголемат извозот и да станат конкурентни и одржливи на долг рок. Фондот ги користи производите како што се: нарачување на финансии и финансирање на пред-извоз за да одговори на потребите за кредитирањето на МСП секторот.

  Фондот нуди заеми за компаниите од сите региони на Р. Македонија и ги таргетира сите главни сектори на економијата, вклучувајќи лесно производство, трговија, текстил, ИКТ, продажба на мало, земјоделство, прехранбена индустрија и градежништво, но особено е насочен кон малите и средните претпријатија, кои не се соодветно помогнати од страна на постојните финансиски институции, вклучувајќи ги и руралните бизниси, претприемачи и претпријатија во сопственост на жени и малцинства.

  Фондот е главен снабдувач на краткорочните трговски финансии за малите и средни претпријатија во Р. Македонија и игра клучна улога во експанзијата и растот на активностите на малите и средни претпријатија во Р. Македонија.

  Во 2012 година, Фондот доби дополнителни 300.000$ од УСАИД Македонија за воспоставување на Возило за Финансирање на Иновации (ВФИ) наменети за поддршка на бизнис иновации и start-up компании. До денес, ВФИ има обезбедено 400.000$ за финансирање на нови претпријатија. Ова финансирање овозможи над 1.300.000$ во нови продажби и извоз и создавање на 45 нови работни места, вклучувајќи и 18 работни места за жените и малцинствата.

## 2. Штедилница Можности (www.moznosti.com.mk)

| Краткорочни кредити за обртни средства | |
|---|---|
| **Износ** | До 200.000 ЕУР / 12.000.000 МКД |
| **Рок на враќање** | До 36 месеци |
| **Грејс период** | До 6 месеци |
| **Номинална каматна стапка** | Од 7% зависно од бонитетот на клиентот<br>Извор: ЗКДФ 6% или 6,5% |
| **Манипулативен трошок** | 0,0% – 0,75% |
| **Останати трошоци на кредитот** | Меница од 100 – 500 денари во зависност од износот на кредитот<br>Интеркаларна камата во зависност од денот кога се реализира кредитот |
| **Намена** | Краткорочно финансирање на обртен капитал |
| **Целна група** | Мали и средни бизниси во производстсво, трговија и услуги, туризам и градежништво |
| **Начин на отплата** | Еднакви месечни ануитети<br>Сезонски начин на отплата |

Табела 24: Краткорочни кредити за обртни средства на Штедилница Можности

| Долгорочни кредити за опрема и транспортни средства | |
|---|---|
| **Износ** | До 200.000 ЕУР / 12.000.000 МКД |
| **Рок на враќање** | До 60 месеци |
| **Грејс период** | До 12 месеци |
| **Номинална каматна стапка** | Од 7% во зависност од бонитетот на клиентот<br>Извор: ЗКДФ 6% или 6,5% |
| **Манипулативен трошок** | 0,00 % – 1,00% |
| **Останати трошоци на кредитот** | Меница од 100 – 500 денари во зависност од износот на кредитот<br>Интеркаларна камата во зависност од денот кога се реализира кредитот |
| **Намена** | Набавка на опрема, машини, резервни делови, алати, наменски возила и транспортни возила |
| **Целна група** | Мали и средни бизниси во производство, трговија и услуги, туризам и градежништво |
| **Начин на отплата** | Еднакви месечни ануитети<br>Сезонски начин на отплата |

Табела 25: Долгорочни кредити за опрема и транспортни средства на Штедилница Можности

### 3. Штедилница ФУЛМ (www.fulm.com.mk)

Штедилницата ФУЛМ на македонскиот финансиски пазар е присутна од 1999 година, кога ја имплементираше и првата штедно-кредитна унија во Р. Македонија. Во текот на своето долгогодишно постоење, Штедилница ФУЛМ успеа да се позиционира на македонскиот финансиски пазар, на кој зазема сѐ позначајно место. Тоа е резултат на побрзиот, поедноставниот и поквалитетниот пристап на населението до финансиските услуги што ги нуди ФУЛМ.

Штедилница ФУЛМ располага со мрежа од шест филијали: Филијала ЈСП Автокоманда и ЈСП Аеродром во Скопје, Филијала Муртино во Струмица, Филијала Полог во Тетово, Филијала Тиквешија во Кавадарци, Филијала Битола во Битола, Централата во Скопје како и едно шалтерско место во Охрид.

Активностите на Штедилница ФУЛМ се реализирани со финансиска поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на САД - УСАИД и со техничка помош од Светскиот совет на кредитни унии - WOCCU преку Здружението на граѓани ФУЛМ.

### 4. ХОРИЗОНТИ Микрокредити (www.horizonti.org.mk)

ХОРИЗОНТИ е основан во јануари 2000 год., како проект за микрокредитирање на Catholic Relief Services U.S.C.C. (Католички служби за помош – ЦРС), во Р. Македонија. Примарни цели на проектот беа обезбедување пристап до финансиски услуги - микрокредити до претприемачите во земјава и создавање на локална самоодржлива микрофинансиска институција. Проектот беше финансиски и технички поддржан од страна на ЦРС и други познати и реномирани меѓународни донатори. Во јуни 2005, проектот се локализира со основање на Фондација ХОРИЗОНТИ, согласно Законот за Здруженија на граѓани и Фондации. Основач на фондацијата е ЦРС, додека управувањето е во надлежност на независен Управен одбор.

| Стандард Кредит | |
|---|---|
| **Целни групи** | Сопственици на микро бизниси во областа на трговија, услуги и мало производство, при што како корисник на заемот се јавува жената |
| **Намена** | За обртни средства, ситен инвентар и други тековни трошоци на бизнисот |
| **Критериуми** | • Најмалку 6 месеци постоење на бизнисот<br>• Формирање на солидарна група од најмалку 3 члена<br>• Најмногу 2 вработени и вредност на бизнисот до 10.000 евра<br>• Исполнува кредитоспособност согласно финансиската анализа на бизнисот |
| **Износ** | 10.000 – 90.000 денари |
| **Рок на отплата** | 6, 8, 10 и 12 месеци |
| **Грејс период** | Нема |
| **Камата** | 0,90% месечна фиксна |
| **Провизија за администрирање** | Нема |
| **Месечен управувачки надоместок** | 0,85 - 1,55% месечно во зависност од износот на кредитот |
| **Обезбедување** | Меница, потпишана од сите солидарни должници во форма на нотарски акт |
| **Останати провизии** | За предвремена отплата согласно договорот |

| Премиум кредит | |
|---|---|
| **Целни групи** | Сопственици или управители на микро и мали бизниси во областа на трговијата, услуги и мало производство. Како корисник на заемот се јавува жената. |
| **Намена** | За обртни средства, ситен инвентар, реновирање на објект и други тековни трошоци на бизнисот |
| **Критериуми** | • Најмалку 6 месеци постоење на бизнисот<br>• Најмногу 5 вработени и вредност на бизнисот до 15.000 евра за трговија и 35.000 евра за производство и услуги<br>• Исполнува кредитоспособност согласно финансиската анализа на бизнисот |
| **Износ** | 60.000 – 200.000 денари |
| **Рок на отплата** | 12, 18 и 24 месеци |
| **Грејс период** | Нема |
| **Камата** | 11.00% годишна опаѓачка |
| **Провизија за администрирање** | 3,0% од износот на кредитот |
| **Месечен управувачки надоместок** | Од 0,41% до 0,52% месечно, во зависност од износот на кредитот |
| **Обезбедување** | • Жиранти - административна забрана на плата, со редовен работен однос<br>• Меница во форма на нотарски акт, со еден или двајца гаранти |
| **Останати провизии** | 0 или 3,0% провизија за предвремена отплата на кредитот |
| **Инвест кредит** | |
| **Целни групи** | Сопственици или управители на микро и мали бизниси во областа на трговија, услуги и мало производство. Како корисник на заемот се јавува жената |
| **Намена** | За набавка на основни средства |
| **Критериуми** | • Најмалку 6 месеци постоење на бизнисот<br>• Регистрирани и нерегистрирани бизниси со фиксна локација<br>• Најмногу 5 вработени и вредност на бизнисот до 15.000 евра за трговија и 35.000 евра за производство и услуги<br>• Исполнува кредитоспособност согласно финансиската анализа на бизнисот |
| **Износ** | 120.000 – 300.000 денари |
| **Рок на отплата** | 12, 18, 24, 36 и 48 месеци |
| **Грејс период** | Нема |
| **Камата** | 11,00% годишна опаѓачка |
| **Провизија за администрирање** | 2,0% - 3,0% во зависност од износот на кредитот |
| **Месечен управувачки надоместок** | Од 0,34% до 0,41% месечно во зависност од износот на кредитот |
| **Обезбедување** | • Жиранти - административна забрана на плата, со редовен работен однос<br>• Меница на нотарски акт, со најмалку двајца надворешни гаранти |
| **Останати провизии** | 0 или 3,0% провизија за предвремена отплата на кредитот |

Табела 26: Кредити за микро бизниси на Хоризонт Микрокредити

## 5. Штедилница МАК-БС (www.makbs.com.mk)

<table>
<tr><th colspan="4">Рамковен револвинг кредит – лимит (за правни лица)</th></tr>
<tr><td>Износ на кредитот</td><td colspan="3">до 30.000.000 денари</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Обезбедување</td><td rowspan="2">Номинална каматна стапка</td><td rowspan="2">Период</td><td>Манипулативен трошок</td></tr>
<tr><td>0,50% од износот на кредит (за секоја поединечна исплата)</td></tr>
<tr><td>- паричен депозит</td><td>8%</td><td rowspan="2">Рамка до 36 месеци</td><td rowspan="2">Начин на исплата на средства од кредитот</td></tr>
<tr><td>- хипотека (залог на недвижен имот)</td><td>8%</td></tr>
<tr><td>- меници/нотарски акт</td><td>9%</td><td rowspan="2">Поединечни исплати до 12 месеци</td><td rowspan="2">-Еднократна исплата<br>-Сукцесивни исплати</td></tr>
<tr><td>- друго</td><td>9%</td></tr>
<tr><td>Користење на кредитот</td><td colspan="3">Корисникот на кредит при секое повлекување на средства од претходно отворената рамка, склучува договор за кредит со Штедилницата и истиот го отплаќа според утврдените услови.<br>Кредитот намален за износот на трошоците се користи со:<br>- пренос на средствата на сметка на корисникот на кредит</td></tr>
<tr><td>Отплата на кредитот</td><td colspan="3">Кредитот се отплаќа со:<br>- <u>еднакви месечни ануитети</u> (ануитетот содржи дел главница и дел камата. Првиот ануитет или рата достасува за наплата според амортизационен план согласно договорот. Достасувањето на плаќање е секој месец).<br>- <u>еднократна отплата</u> (пресметката на ратите (каматите) е секој месец, а на денот на достасување на кредитот согласно договорот за кредит се врши отплата на главницата).</td></tr>
<tr><th colspan="4">Долгорочен кредит за правни лица обезбеден со хипотека</th></tr>
<tr><td>Износ на кредитот</td><td colspan="3">до 20.000.000 денари</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Обезбедување</td><td rowspan="2">Период</td><td rowspan="2">Номинална каматна стапка</td><td>Манипулативен трошок</td></tr>
<tr><td>1,00 % еднократно од износот на одобрен кредит</td></tr>
<tr><td rowspan="2">- хипотека (залог на недвижен имот)<br>дополнително<br>- меници<br>- жирант/ти<br>- паричен депозит</td><td rowspan="2">До 96 месеци</td><td rowspan="2">9,00% годишна номинална каматна стапка</td><td>Начин на исплата на средства од кредитот</td></tr>
<tr><td>- Еднократна исплата</td></tr>
<tr><td>Користење на кредитот</td><td colspan="3">Корисникот на кредит склучува договор за кредит со Штедилницата и истиот го отплаќа според утврдените услови.<br>Кредитот намален за износот на трошоците се користи со:<br>- пренос на средствата на сметка на корисникот на кредит</td></tr>
<tr><td>Отплата на кредитот</td><td colspan="3">Кредитот се отплаќа:<br>- месечно<br>- квартално<br>- семестрално</td></tr>
</table>

Табела 27: Кредитни линии на Штедилница МАК-БС

# 8. ПОТРЕБИ НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ КОМПАНИИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

*Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* (2015-2020) со Акцискиот план (2015-2016) се развиени врз основа на скрининг на тековната состојба на клучните чинители во регионот како и анализа на регионални, национални, интернационални стратешки документи и акциски планови.

Истражувањето на бизнис секторот од Скопскиот плански регион се спроведе на примерок од 100 случајно избрани бизнис ентитети кои функционираат во Скопски плански регион и 10 организации/институции за поддршка на бизнис секторот, по пат на структурирано интервју. Истражувањето се спроведе со помош на 2 анкетни прашалници: Анкетен прашалник за бизнис секторот и Анкетен прашалник за институциите за поддршка на бизнис секторот.

Спроведеното теренско истражување посочи дека приватниот сектор од Скопскиот плански регион има потреба од подобрување на квалитетот и квантитетот на поддршката која ја добива. Компаниите вклучени во истражувањето се согласни дека има потреба од поголема достапност до деловни информации како и потреба од канцеларија во која ќе можат да добијат сублимирани информации, контакти како и можност да споделат свои ставови и согледувања и нивно земање во предвид при правењето стратешки документи кои ќе се рефлектираат врз реалниот сектор во годините што доаѓаат. Оттаму и потребата за создавање и функционирање на Регионалниот Бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион како организација во која на едно место компаниите од регионот можат да добијат деловни информации за сите чинители кои делуваат во регионот, а се во функција на раст и развој на приватниот сектор.

Спроведеното истражување покажа и дека компаниите од Скопскиот плански регион имаат проблем да обезбедат квалификуван кадар, најчесто поради немање комуникација меѓу креаторите на политики и реалниот сектор. Бизнис центарот овде би се нашол во улога на медијатор меѓу овие две засегнати страни со цел надминување на овој проблем во реалниот сектор, пораст на бројот на вработени во регионот и раст на компаниите.

И покрај големиот број кампањи и промоции, реалниот сектор сепак има потреба од место и лице од каде би добивал релевантни, точни и навремени информации за финансирање на малите и средни компании. Анкетираните деловни субјекти ги земаат за корисни финансиските олеснувања и кредити кои се ставени на располагање за малите и средни претпријатија од страна на државните институции, со напомена дека најчесто податоците ги добиваат пред самиот истек или по истекот на роковите за аплицирање. Овде Бизнис центарот би се јавил во улога на десиминатор на информации, навремено и во одредени случаи би работел на остварување на брза и ефикасна комуникација меѓу институциите кои ги ставаат на располагање средствата и реалниот сектор.

Мнозинството компании вклучени во истражувањето се согласни дека вмрежувањето во професионални организации, мрежи и кластери е продуктивно за бизнисите, а Регионалниот Бизнис центар при ЦРСПР би ја имал улогата на поттикнувач и десиминатор на информации како најбрзо и најлесно да се формализира тоа вмрежување, да изгради партнерски однос со кластерите и да помогне во нивно етаблирање.

Во поглед на деловната клима во Скопскиот плански регион, истражувањето покажа дека компаниите од регионот делумно се задоволни од бизнис климата која владее во Скопскиот плански регион, па оттаму огромната потреба за услугите на Регионалниот Бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион кој со своите активности ќе придонесе кон подобрување на ваквата состојба.

Претставници на бизнис секторот ја оценуваат ангажираноста на регионалната власт во формирањето на регионалната деловна клима како неутрална, а многу мал дел од компаниите се задоволни од достапноста и искористеноста на ресурсите на локалната власт за поддршка и развој на мали и средни претпријатија. Спроведеното истражување покажа и дека запознаеноста на регионалната власт со предизвиците со кои се соочуваат малите и средни претпријатија во регионот е незадоволителна, а многу мал број компании се задоволни од придонесот кој вработените во регионалната власт го имаат врз малите и средни претпријатија.

Со оглед на фактот дека Регионалниот Бизнис центар при Центарот за развој на Скопскиот плански регион има за цел да помогне и даде поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и подинамичен развој преку идентификување на нивните тековни потреби, нудење мерки за поддршка, правилно и навремено информирање и зајакнување на капацитетите на новооснованите компании со што ќе се овозможи нивен развој во успешни, одржливи и профитабилни бизниси, воспоставувањето на овој Регионален бизнис центар е од големо значење за развојот на приватниот сектор во Скопскиот плански регион.

Спроведените истражувања овозможија детерминирање на следните приоритетни мерки за *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* (2015-2020):

**Приоритетна Мерка 1:** Поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопски плански регион преку унапредување на капацитетите на мали и средни претпријатија од Скопски плански регион

**Приоритетна Мерка 2**: Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании преку создавање стратешки партнерства

**Приоритетна Мерка 3:** Унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион

**Приоритетна Мерка 4:** Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион

**Приоритетна Мерка 5:** Стимулирање и поддршка на Претприемништвото во Скопскиот плански регион

**Приоритетна Мерка 6:** Поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион

**Приоритетна Мерка 7:** Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион

**Приоритетна Мерка 8:** Поддршка за реализација на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион.

Деталниот преглед на приоритетните мерки и предложените активности за нивно остварување со: специфични цели, индикатори, буџет, временска рамка за секоја активност се дадени во Акцискиот план на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2016).

# Б. Акциски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2016)

# Акциски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015 - 2016)

Акцискиот план за за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион вклучува приоритетни мерки и активности кои имаат за цел успешно имплементирање на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион. Овој Акциски план е составен дел од *Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)* и е создаден врз основа на спроведеното:

- ✓ Деск истражување со дескриптивна метода за преглед на информации и извори на информации (програми, акциони планови, комуникациски стратегии изготвени во/за Скопскиот плански регион и општините кои се дел од него, регионални и национални студии и закони и законски акти кои важат за територијата на Р. Македонија);
- ✓ Теренско истражување на случајно избран примерок од 100 деловни субјекти и 10 организации за поддршка на бизнис секторот кои функционираат во Скопскиот плански регион.

**Главна цел** на Акцискиот план за спроведување на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)* е дефинирање на приоритетни мерки, цели и активности кои ќе помогнат во имплементирањето на Програмата за развој. Дефинираните приоритетни мерки, цели и активности се развиени во согласност со СМАРТ принципот, односно дефинираните приоритетни мерки и активности се:

| | |
|---|---|
| **С**<br>(Specific / Дефинирани) | Секоја приоритетна мерка од овој Акциски план има **дефинирани специфични активности** кои придонесуваат кон остварување на истата и ќе помогнат во спроведувањето на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион |
| **М**<br>(Measurable / Мерливи) | Остварувањето на секоја предвидена активност во рамките на осумте приоритетни мерки е директно поврзано со **мерливи индикатори** кои ќе помогнат во мерењето на реализираноста на секоја поединечна активност |
| **А**<br>(Achievable / Остварливи) | Дефинираните приоритетни мерки и активности во рамки на нив се **остварливи** и се во согласност со детерминираните потреби на приватниот сектор во Скопскиот плански регион. Приоритетните мерки од овој Акциски план се во согласност и со среднорочните цели, приоритети и мерки на Програма за развој на Скопскиот плански регион (2015-2019) |
| **Р**<br>(Realistic / Реални) | Дефинираните приоритетни мерки и активности на Акцискиот план за спроведување на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* се поставени согласно **реалните** потреби на бизнис секторот, согласно релевантни стратешки документи, капацитетите на човечки и останати потребни ресурси за нивна имплементација |
| **Т**<br>(Time-Based / Утврдени - со точно утврден рок) | Секоја поединечна активност во осумте приоритетни мерки е зададена со **точно утврден временски рок** за нејзина имплементација |

Табела 28: СМАРТ принцип при дефинирање на приоритетните мерки и активности

Акцискиот план за спроведување на оваа Програма претставува детален план за поддршка, обуки, тренинг и вмрежување на правните субјекти од Скопскиот плански регион, поттикнување на претприемништвото и иновативноста, развиен согласно утврдените потреби на приватниот сектор. Спроведеното истражување на приватниот сектор и организациите за поддршка на бизнис секторот од СПР како и спроведената анализа на релевантните документи за Скопскиот плански регион овозможија дефинирање на осум главни приоритетни мерки кои се дел од овој Акциски план. Секоја од овие приоритетни мерки вклучува активности кои ќе придонесат кон остварување на приоритетните мерки, додека, пак, активностите вклучуваат детален опис на целите, носители и учесници во активностите, индикатори, буџетот и изворите на финансирање, потенцијалните ризици по нивната имплементација и временската рамка за нивно имплементирање.

| | |
|---|---|
| | ***Приоритетни мерки*** |
| | ***на Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)*** |
| **Приоритетна мерка 1** | Поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопскиот плански регион преку унапредување на капацитетите на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 2** | Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странски компании преку создавање на стратешки партнерства |
| **Приоритетна мерка 3** | Унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 4** | Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 5** | Стимулирање и поддршка на претприемништвото во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 6** | Поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 7** | Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион |
| **Приоритетна мерка 8** | Поддршка за реализација на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион |

Табела 29: Приоритетни мерки на Акцискиот план

**Приоритетна мерка 1:** *Поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопскиот плански регион преку унапредување на капацитетите на малите и средни претпријатија од Скопскиот плански регион*

Надградувањето на капацитетите на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион е од огромно значење за развој на приватниот сектор во регионот и подобрување на економската клима во регионот. Првата приоритетна мерка во рамките на Акцискиот план за спроведување на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* се однесува токму на поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопскиот плански регион преку унапредување на капацитетите на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион. Оваа Приоритетна мерка е во директна корелација не само со утврдените потреби на приватниот сектор од регионот туку и со Среднорочната цел 2 од Програма за развој на Скопскиот плански регион (2015-2019): *Развиен човечки капитал кој*

*одговара на потребите на пазарот на труд и подобрена здравствена и социјална заштита.* Приоритетната мерка 1 од овој Акциски план ги вклучува следните предвидени активности:

| **Приоритетна Мерка 1: *Поттикнување и развој на приватниот сектор во Скопскиот плански регион преку унапредување на капацитетите на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион*** | |
|---|---|
| **1.1.** | Истражување за потребите на пазарот за труд во Скопскиот плански регион |
| **1.2.** | Поддршка при изготвување на Програма за квалификација, преквалификација и доусовршување |
| **1.3.** | Поддршка при изготвување на Програма за поддршка на големи компании |
| **1.4.** | Унапредување на продуктивноста на работната сила |
| **1.5.** | Олеснување на условите за водење бизнис за малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион |
| **1.6.** | Фацилитирање на пристап до повисоки форми на финансирање на развојот на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион |
| **1.7.** | Стимулирање кон енергетска ефикасност и користење на природни ресурси |
| **1.8.** | Стимулирање на примена на меѓународните стандарди за квалитет во приватниот сектор од СПР |

Табела 30: Активности во рамки на Приоритетна мерка 1

**Приоритетна мерка 2:** *Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании преку создавање на стратешки партнерства*

Голем дел од домашните фирми делуваат во Скопскиот плански регион. Овде се одлучуваат да инвестираат и најголем дел од странските инвеститори. Согласно ова, регионот располага со широка база на фирми кои работат во различни области, што создава можности за остварување соработка и развој на приватниот сектор. И покрај оваа поволност, евидентирана е слаба поврзаност на домашните и странските фирми што води кон неостварување на оптимални ефекти од присуството на странските инвестиции.

Оттаму, втората приоритетна мерка во овој Акциски план е наменета на Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании преку создавање на стратешки партнерства. Оваа приоритетна мерка е тесно поврзана со Среднорочната цел 1 од Програма за развој на Скопскиот плански регион (2015-2019): *Подобрена конкурентност на регионот преку поттикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура*, во себе ги содржи следните планирани активности:

| **Приоритетна Мерка 2: Поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании преку создавање на стратешки партнерства** | |
|---|---|
| **2.1.** | Создавање на дата база на активни компании во Скопскиот плански регион |
| **2.2.** | Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од другите региони во Р. Македонија |
| **2.3.** | Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од Балканските земји |
| **2.4.** | Поддршка и стимулирање на трансфер на знаења и вештини од меѓународни компании и експерти на МСП од СПР |
| **2.5.** | Поддршка при организирање на посета на саеми и саемски манифестации |
| **2.6.** | Поддршка при создавање Регионална кластерска мрежа |

Табела 31: Активности во рамки на Приоритетна мерка 2

**Приоритетна мерка 3:** *Унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион*

Унапредувањето на деловното опкружување е од огромно значење за компаниите од сите региони во Македонија, па оттаму при креирањето на овој Акциски план беше издвоена посебна приоритетна мерка која ќе придонесе кон унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион. Оваа трета приоритетна мерка е во согласност со Среднорочната цел 1 од Програма за развој на Скопскиот плански регион (2015-2019): *Подобрена конкурентност на регионот преку поттикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура* и ги содржи следните активности:

| **Приоритетна Мерка 3: Унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион** | |
|---|---|
| **3.1.** | Анализа на деловното опкружување и бизнис климата во СПР |
| **3.2.** | Спроведување на сеопфатна анализа за трошоци за водење бизнис во Скопскиот плански регион |
| **3.3.** | Развивање на општински модел за поттикнување на „green field" инвестиции во Скопскиот плански регион |
| **3.4.** | Развивање на Општински модел за поттикнување на „brown field" инвестиции во Скопскиот плански регион |
| **3.5.** | Студија за утврдување на неискористени локации и деловни објекти на поранешни претпријатија и задруги |

Табела 32: Активности во рамки на Приоритетна мерка 3

**Приоритетна мерка 4:** *Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион*

Следната приоритетна мерка дава важност на иновациите во приватниот сектор кои секако се неопходни за економски развој, не само на компаниите туку и на самиот регион. Оваа приоритетна мерка содржи активности кои предвидуваат поврзување на компаниите од регионот со иновативни компании од Балканот и земјите од Европската Унија и, како и претходната мерка, е во согласност со Среднорочната цел 1 од Програма за развој на Скопскиот плански регион(2015-2019). Приоритетната мерка 4: Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион ги опфаќа следните активности:

| **Приоритетна Мерка 4: Стимулирање и поддршка на иновациите во приватниот сектор во Скопскиот плански регион** | |
|---|---|
| **4.1.** | Промоција и стимулирање на поддршката на иновации и иновациска активност во приватниот сектор на Скопскиот плански регион |
| **4.2.** | Поддршка за организирање Б2Б средби помеѓу иновативни компании од Скопскиот плански регион и иновативни компании од Балканот и земјите од ЕУ |

Табела 33: Активности во рамки на Приоритетна мерка 4

**Приоритетна мерка 5:** *Стимулирање и поддршка на претприемништвото во Скопскиот плански регион*

Покренувањето на претприемничкиот дух, посебно помеѓу младите луѓе има огромно значење за развојот на еден регион и за зголемувањето на бројот на активни компании во истиот. Оттаму петта приоритетна мерка развиена во овој Акциски план е стимулирање и поддршка на претприемништвото во Скопскиот плански регион. Оваа приоритетна мерка во себе содржи низа на активности кои имаат за цел градење на претприемничкиот дух и промоција на претприемничкиот начин на водење бизнис помеѓу жителите и сопствениците на приватни бизниси од Скопскиот плански регион. Приоритетната мерка број 5 во себе ги содржи следните активности:

| **Приоритетна Мерка 5: Стимулирање и поддршка на претприемништвото во Скопскиот плански регион** | |
|---|---|
| **5.1.** | Промоција на Претприемништвото и стимулирање на претприемничкиот дух во Скопскиот плански регион |
| **5.2.** | Анализа на карактеристиките на претприемништвото во Скопскиот плански регион |
| **5.3.** | Промоција на Женското претприемништво во Скопскиот плански регион |
| **5.4.** | Развој на Социјално претприемништво во Скопскиот плански регион |
| **5.5.** | Активности во рамки на Европска недела на МСП 2015 во СПР |

Табела 34: Активности во рамки на Приоритетна мерка 5

**Приоритетна мерка 6:** *<u>Поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион</u>*

Следната мерка вклучена во Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион(2015-2020) е поврзана со поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион и е во директна корелација со <u>Среднорочната цел 1</u> од Програма за развој на Скопскиот плански регион(2015-2019): *Подобрена конкурентност на регионот преку поттикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура.* Оваа мерка ги вклучува следните планирани активности:

| **Приоритетна Мерка 6: Поддршка на занаетчиството и традиционалното производство во Скопскиот плански регион** | |
|---|---|
| **6.1.** | Поддршка и соработка за создавање на онлајн портал за продажба на традиционални производи произведени во СПР |
| **6.2.** | Промоција на поддршката на автентични занаети, Занаетчиско производство и занаетчиски услуги преку субвенционирање |

Табела 35: Активности во рамки на Приоритетна мерка 6

**Приоритетна мерка 7:** *<u>Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион</u>*

Туризмот претставува сложена општествена, економска, културна и просторна појава. Улогата и значењето на туризмот е огромно, затоа што тој ја храни регионалната економија, го стимулира развојниот процес и го оживува природното и културното наследство. Туризмот е една од најдинамичните економски појави на денешницата и еден од генераторите на вкупниот развој. Оттаму и во Акцискиот план за спроведување на *Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион* има издвоено посебна приоритетна мерка наменета на туризмот: Приоритетна мерка 7 - Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион. Оваа приоритетна мерка е директно поврзана со <u>Среднорочна цел 4</u> од Програма за развој на Скопскиот плански регион(2015-2019): *Одржливо користење на природното и културното наследство во функција на туризмот* и содржи четири засебни активности:

| **Приоритетна Мерка 7: Развој на туризмот и поддршка за туристичките бизниси од Скопскиот плански регион** | |
|---|---|
| **7.1.** | Зајакнување на човечките ресурси во туристичките бизниси од СПР |
| **7.2.** | Иницирање и поддршка при создавање на Кластер за туризам во Скопскиот плански регион |
| **7.3.** | Имплементирање на промотивна кампања за промоција на природното и културното наследство |
| **7.4.** | Поддршка на тур операторите во креирање и дизајнирање на регионална туристичка понуда |

Табела 36: Активности во рамки на Приоритетна мерка 7

**Приоритетна мерка 8:** *Поддршка за реализација на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион*

Последната дефинирана мерка во рамките на Акцскиот план се однесува на имплементација на две активности кои треба да обезбедат поддршка за реализација на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020):

| **Приоритетна Мерка 8: Поддршка за реализација на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020)** | |
|---|---|
| **8.1.** | Поттикнување на вмрежување на релевантни чинители од Скопскиот плански регион |
| **8.2.** | Склучување партнерства со релевантни министерства и институции |

Табела 37: Активности во рамки на Приоритетна мерка 8

Овие активности се од исклучително значење за имплементацијата на самата Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020) и треба да им овозможат на Регионалниот бизнис центар и Центарот за развој на Скопскиот плански регион поддршка во реализацијата на оваа Програма.

Деталниот преглед на Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион со опис на предлог активностите, нивните цели, носители и учесници во активностите, индикатори, буџет, изворите на финансирање, потенцијалните ризици и временската рамка за нивно имплементирање е даден во табелите кои следуваат:

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | Истражување за потребите на пазарот за труд во Скопскиот плански регион | Идентификување на потребите на пазарот на труд во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР одделенија од СПР<br>- Компании за истражување на јавното мислење<br>/<br>- Приватен сектор од СПР | - Изготвена дата база на компании кои ќе бидат вклу-чени во истражувањето;<br>- Спроведено истражување и изра-ботена Анализа на потребите на паза-рот на труд во СПР | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | Незаинтересира ност на приватниот сектор од регионот за детерминирање на реалните потреби на пазарот на труд во СПР | Ноември 2015 - Јануари 2016 |
| **1.2.** | Поддршка при изготвување на Програма за квалификација, преквалификација и доусовршување | Задоволување на потребите на пазарот на труд во Скопскиот плански регион | - АВРМ<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Приватен сектор од СПР<br>- Невработени лица од регионот | - Изготвена Програма за квалификација, преквалификација и доусовршување<br>- Изготвени промо-тивни и едукативни материјали | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | Инертност на невработените лица во регионот во поглед на стекнување нови вештини | Ноември 2015 - Март 2016 |
| **1.3.** | Поддршка при изготвување на Програма за поддршка на големи компании | Поддршка на сегменти во компаниите кои го олеснуваат производниот процес, давањето услуги, освојување нови пазари и интернационализаци јата | - ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР<br>- Стопански комори<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>Големи компании од СПР | - Изготвена Програма за поддршка на големи компании | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | Недостиг на фондови наменети за поддршка на големи компании | Ноември 2015 - Март 2016 |
| **1.4.** | Унапредување на продуктивноста на работната сила | Зголемување на капацитетите на човечките ресурси во МСП од СПР | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Приватен сектор од СПР<br>- Вработени лица во приватен сектор | Формиран Општински фонд за развој на вештини на работници преку за обезбедување грантови за обука на вработени во МСП од СПР | - ИПА Програма<br>- АВРМ<br>- ЕУ Фондови<br>- Европска банка за обнова и развој | Незаинтересира ност на вработените во поглед на унапредување на нивната продуктивност | Ноември 2015 - Март 2016 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.5.** | Олеснување на условите за водење бизнис на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион | Подобрување на условите за работење и водење бизнис во СПР | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Мали и средни претпријатија од Скопскиот плански регион | - Спроведување на истражување за предизвиците со кои се судираат МСП од СПР<br>- Реализација на мерки и активности на регионално ниво за поддршка на МСП | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови<br>- Буџет на Р. Македонија | Потенцијални потешкотии во изнаоѓањето на прецизни информации за условите за водење бизнис | Јануари - Јуни 2016 |
| **1.6.** | Фацилитирање на пристап до повисоки форми на финансирање на развојот на малите и средните претпријатија од Скопскиот плански регион | Оспособување на менаџерски структури и работни тимови на МСП за пристап до повисоки форми на финансирање на развој на претпријатијата | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Приватни провајдери на тренинзи и обуки<br>/<br>- Мали и средни претпријатија од СПР | Организирани 5 обуки за пристап до повисоки форми на финансирање на развојот на МСП од СПР | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови<br>- Европска банка за обнова и развој | Неисполнување на услови од страна на МСП од регионот за пристап до повисоки форми на финансирање | Јануари - Јуни 2016 |
| **1.7.** | Стимулирање кон енергетска ефикасност и користење на природни ресурси | Поттикнување на приватен сектор од СПР за рационално користење на природните ресурси | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Агенција за енергетика на Р. Македонија<br>/<br>- Приватен сектор од СПР | - Имплементирана работилница за енергетска ефикасност и користење на природни ресурси<br>- Најмалку 20 компании од СПР присутни на работилницата | - Агенција за енергетика на Р. Македонија<br>- Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Европска банка за обнова и развој | Недостиг на финансии кај компаниите од регионот за примена на енергетска ефикасност и користење на природни ресурси | Јануари - Декември 2016 |
| **1.8.** | Стимулирање на примена на меѓународните стандарди за квалитет во приватниот сектор од СПР | Зголемена примена на меѓународни стандарди за квалитет во приватниот сектор од СПР | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Консултантски компании за примена на меѓународни стандарди<br>/<br>- Приватен сектор од СПР | - Имплементирани тренинзи за:<br>- ISO стандарди<br>- HACCP<br>- ХАЛАЛ систем<br>- Најмалку 15 компании присутни на секој од тренинзите | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Влада на РМ.<br>- Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Европска банка за обнова и развој | Недостиг на финансии кај компаниите од регионот за примена на меѓународни стандарди во работењето | Јануари - Декември 2016 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.** | Создавање на дата база на активни компании во Скопскиот плански регион | Одредување на бројот на активни деловни субјекти во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор од СПР | - Создадена електронска дата база на активни компании во Скопскиот плански регион | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Буџет на Р. Македонија | Ограничени финансиски средства и човечки ресурси за континуира-но ажурирање на базата | Септември - Декември 2015 |
| **2.2.** | Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од другите региони во Р. Македонија | Поврзување на компании од регионот со компании од другите региони со цел започнување деловна соработка | - Стопанска комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Компании од СПР<br>- Компании од другите региони во државата | 6 (шест) Б2Б средби организирани во Скопскиот плански регион | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Стопанска комора на Р. Македонија | Неможност на раководни лица во компаниите да присуствуваат на Б2Б средбите поради работни ангажмани | 2018 |
| **2.3.** | Поддршка при организирање Б2Б средби помеѓу компании од СПР со компании од Балканските земји | Поврзување на компаниите од регионот со компании од Балканот со цел започнување деловна соработка | - Стопанска комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Компании од СПР<br>- Компании од Балканот | 2 (две) Б2Б средби организирани во Скопскиот плански регион | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Стопанска комора на Р. Македонија | Слаб интерес на Балканските компании за соработка со компаниите од Скопскиот плански регион | 2019 |
| **2.4.** | Поддршка и стимулирање на трансфер на знаења и вештини од меѓународни компании и експерти на МСП од Скопскиот плански регион | Зголемување на продуктивноста и профитабилноста на компаниите | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС<br>/<br>- МСП од СПР<br>- Меѓународни компании | Најмалку 5 компании од СПР кои искористиле ваква поддршка | - Влада на Р. Македонија<br>- Европска банка за обнова и развој | Дискрепанца во производните процеси меѓу нашите и странските компании | 2019 |
| **2.5.** | Поддршка при организирање на посета на саеми и саемски манифестации | Поврзување на компаниите од СПР со интернационални компании | - Стопанска комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Приватен сектор од СПР | - 1 организирана посета на саем<br>- најмалку 10 компании од СПР | - ИПА<br>- Интернационални донорски организа-ции во РМ<br>- Стопанска комора на Р. Македонија | Ограничени финансиски средства | 2020 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.6.** | Поддршка при создавање Регионална кластерска мрежа | Унапредување на кластерско здружување во Скопскиот плански регион | - Стопанска комора на Р. Македонија<br>- Регионален Бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Кластери од СПР<br>- Приватен сектор од СПР | Најмалку 5 кластери од СПР зачленети во Регионалната кластерска мрежа | - Интернационални донорски организации во РМ<br>- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Влада на РМ. | Ниска свесност кај кластерите за бенефитите од здружување во кластерска мрежа | 2020 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.** | Анализа на деловното опкружување и бизнис климата во Скопскиот плански регион | Утврдување на тековната состојба во СПР во поглед на деловното опкружување | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор од СРП<br>- Организации за поддршка на бизнис секторот | Изработен и издаден стратешки документ: „Анализа на деловно опкружување во Скопскиот плански регион" | - ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- ЕУ Фондови | Воздржаност во поглед на споделените информации за деловната клима во регионот | Октомври - Декември 2015 |
| **3.2.** | Спроведување на сеопфатна анализа за трошоци за водење бизнис во Скопскиот плански регион | Утврдување на трошоци за водење бизнис во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор | Изработка на Анализа: „Трошоци за водење бизнис во Скопскиот плански регион" | - ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- Министерство за економија | Промена на законските регулативи околу трошоците за водење бизнис | Декември 2015 - Март 2016 |
| **3.3.** | Развивање на општински модел за поттикнување на „green field" инвестиции во Скопскиот плански регион | Стимулирање на „green field" инвестиции во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор<br>- Странски и домашни инвеститори | Развиен модел за поттикнување на Green Field инвестиции во СПР | - ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- Министерство за Економија | - Неажурност на ЕЛС при споде-лување инфор-мации и подготовка на потребните документации<br>- Преголема зависност на ЕЛС од ресорни Министерства | Јануари - Декември 2016 |
| **3.4** | Развивање на Општински модел за поттикнување на „brown field" инвестиции во Скопскиот плански регион | Стимулирање на „brown field" инвестиции во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор<br>- Странски и домашни инвеститори | Развиен модел за поттикнување на Brown Field инвестиции во СПР | - ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- Министерство за економија | - Неажурност на ЕЛС при споде-лување инфор-мации и подготовка на потребните документации<br>- Преголема зависност на ЕЛС од ресорни Министерства | Јануари - Декември 2016 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3.5.** | Студија за утврдување на неискористени локации и деловни објекти на поранешни претпријатија и задруги | Утврдување на дополнителни можности за инвестирање во СПР | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР /<br>- Приватен сектор<br>- Странски и домашни инвеститори | Изготвена студија за утврдување на неискористени локации и деловни објекти на поранешни претпријатија и задруги | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | - Неажурност на вработените во ЕЛС при споделување на информации<br>- Преголема зависност на ЕЛС од ресорни Министерства | 2017 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.1.** | Промоција и стимулирање на поддршката на иновации и иновациска активност во приватниот сектор на Скопскиот плански регион | Погодности за сопствениците на компаниите кои ќе вложуваат во дејности од висока технологија и креативни индустрии во вид на олеснување од комунални давачки | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР Одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор од Скопскиот плански регион | Имплементирана кампања за промоција и стимулирање на Програма за поддршка на иновации и иновациска активност во приватниот сектор на СПР | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Влада на РМ<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- ЕУ Фондови | Избор на неадекватни канали за проследување на информациите од кампањата до приватниот сектор | Октомври 2015 - Јуни 2016 |
| **4.2.** | Поддршка за организирање Б2Б средби помеѓу иновативни компании од Скопскиот плански регион и иновативни компании од Балканот и земјите од ЕУ | Поврзување на иновативни компании од СПР со иновативни компании од Балканот и ЕУ со цел започнување деловна соработка | - Стопанска комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Приватен сектор од СПР<br>- Иновативни компании од Балканот и земјите од ЕУ | Организирана Б2Б средба помеѓу иновативни компани од СПР и иновативни компании од Балканот и земјите од ЕУ | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- Стопанска комора на Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | Мал број на заинтересирани и присутни компании на Б2Б средбата | Октомври 2015 - Јуни 2016 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.1.** | Промоција на Претприемништвото и стимулирање на претприемничкиот дух во Скопскиот плански регион | Градење на претприемничкиот дух и промоција на претприемничкиот начин на водење бизнис | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР / Универзитети и средни училишта од регионот | - Имплементирана промотивна кампања за градење на претприемнички дух<br>- Изготвување на промотивни материјали | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Влада на РМ | Избор на неадекватни канали за проследување информации | Август - Декември 2015 |
| **5.2.** | Анализа на карактеристиките на претприемништвото во Скопскиот плански регион | Утврдување на реалната состојба во СПР во поглед на Претприемништвото | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- ЕЛС и ЛЕР одделенија од СПР<br>/<br>- Приватен сектор од Скопскиот плански регион | Изработен и издаден стратешки документ: „Анализа на карактеристиките на претприемништвото во Скопскиот плански регион" | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- ЕУ Фондови | Немање прецизни контакт информации за претприемачите и претприемничките компании од регионот | Септември - Декември 2015 |
| **5.3.** | Промоција на Женското претприемништво во Скопскиот плански регион | Зголемување на бројот на жени претприемачи во Скопскиот плански регион | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>Млади невработени жени, потенцијални претприемачи | - Организирани 5 Претприемачки тренинзи<br>- Најмалку 15 прет-приемачки бизниси основани од жени | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво<br>- Интернационални донорски организации во РМ | Резервираност на младите жени да започнат сопствени бизниси | Септември 2015 - Јуни 2016 |
| **5.4.** | Развој на Социјално претприемништво во Скопскиот плански регион | Подигање на свесноста за значењето на Социјалното претприемништво кај компании и идни претприемачи | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Приватен сектор од Скопскиот плански регион | - Имплементирана промотивна кампања за Социјално претприемништво<br>- Тренинг за Социјално претприемништво за приватен сектор | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија<br>- ЕУ Фондови | Различни сфаќања на Социјалното претприем-ништво помеѓу засегнатите страни во регионот | Септември 2015 - Јуни 2016 |
| **5.5.** | Активности во рамки на Европска недела на МСП 2015 во Скопскиот плански регион | Покренување на претприемничкиот дух и стимулирање на МСП од СПР да размислуваат и работат претприемачки | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Организации за поддршка на бизнисот<br>/<br>- Приватен сектор<br>- Жители на СПР | Организирани 7 настани во рамки на Европска недела на МСП во Скопскиот плански регион | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија | Преклопување на терминот со други настани од интерес за приватниот сектор | Ноември 2015 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.1.** | Поддршка и соработка за создавање на онлајн портал за продажба на традиционални производи произведени во Скопскиот плански регион | Раст на обемот на продажба на традиционалните производители преку зголемена свесност за значењето на маркетингот, промоцијата и онлајн продажбата | - Занаетчиската комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Традиционални бизниси и занаетчии од Скопскиот плански регион | - Одржан тренинг за маркетинг, промоција и брендирање на традиционални производи со учество на најмалку 30 производители<br>- Поставен веб портал за онлајн продажба на традиционални производи | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Влада на Р. Македонија<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации во РМ<br>- ЕУ Фондови | Ограничени знаења и вештини од областа на ИТ од страна на занаетчиите | 2017 |
| **6.2.** | Промоција на поддршката на автентични занаети, Занаетчиско производство и занаетчиски услуги преку субвенционирање | Субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на набавки на опрема и алати | - Занаетчиска комора на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Министерство за економија<br>/<br>- Традиционални бизниси и занаетчии од СПР | - Најмалку 2 субвенционирани занаетчии | - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво на Владата на Р. Македонија | Ограничени финансиски средства | 2018 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.1.** | Зајакнување на човечките ресурси во туристичките бизниси од Скопскиот плански регион | Градење и јакнење на човечките капацитети во туристичките бизниси | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>/<br>- Туристички бизниси од Скопскиот плански регион | - Организирање на тренинг за промоција и продажба наменет за туристички работници<br>- Најмалку 25 учесници<br>- Претставувања на „студии на случај“ за успешни практики од ЕУ и светот | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации | Ограничено слободно време на персоналот во туристичките бизниси за присуство на тренинзи | Октомври 2015 - Јуни 2016 |
| **7.2.** | Иницирање и поддршка при создавање на Кластер за туризам во Скопскиот плански регион | Зајакнување на капацитетите на туристичките бизниси од СПР преку здружување во кластер и зајакнување на туристичката понуда | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Туристички бизниси од СПР | - Создаден Кластер за туризам на СПР<br>- Најмалку 15 туристички бизниси зачленети во Кластерот | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации | Незаинтересираност на туристичките бизниси од СПР за членување во кластер | Јануари - Декември 2016 |
| **7.3.** | Имплементирање на кампања за промоција на природното и културното наследство | Запознавање на пошироката јавност со потенцијалите на СПР | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>- Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>/<br>- Туристички бизниси од СПР | - Изготвена брошура и мапа за туристички потенцијали на СПР<br>- Организирање на промо денови на туризмот во СПР | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации | Избор на неадекватни канали за проследување на информации од кампањата до целната група | 2017 |
| **7.4.** | Поддршка на тур операторите во креирање и дизајнирање на регионална туристичка понуда | Поддршка при промоција на регионот како туристичка дестинација | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- Влада на Р. Македонија<br>- Регионален бизнис центар при ЦРСПР<br>/<br>- Туристички бизниси<br>- Тур оператори | - Поддршка при организирање настани за вмрежување на тур оператори со туристички бизниси од регионот<br>- Поддршка при изработка на туристички аранжмани | - Агенција за промоција и поддршка на туризмот<br>- ИПА Програма<br>- Интернационални донорски организации | Ограничени финансиски средства | 2018 |

| | Активност | Цел | Носители на активности / Учесници | Индикатори | Извори на финансирање | Потенцијални ризици | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.1.** | Поттикнување на вмрежување на релевантните чинители од Скопскиот плански регион | Реализирање на целите и имплементација на активностите на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020) | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР / - Релевантни чинители во Скопскиот плански регион | - Потпишан Договор за соработка за имплементација на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020) - Организирани 5 координативни состаноци | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија | Потешкотија во дефинирање на прецизни датуми за организирање координативни состаноци на кои би присуствувале сите релевантни чинители | 2019 |
| **8.2.** | Склучување партнерства со релевантни министерства и институции | Реализирање на целите и имплементација на активностите на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион (2015-2020) | - Регионален бизнис центар при ЦРСПР / - Релевантни министерства и институции | - Потпишани Меморандуми за соработка со најмалку 3 релевантни министерства и институции | - Интернационални донорски организации во Р. Македонија | Преголеми административ-ни процедури во релевантните министерства и институции | 2020 |

# *АНЕКСИ*

Анекс 1 - Анализа на спроведено теренско истражување на приватниот сектор

Анекс 2 - Анализа на спроведено теренско истражување на организации и институции за поддршка на бизнис секторот

Анекс 3 - Анкетен Прашалник за Деловни субјекти

Анекс 4 - Анкетен Прашалник за Организации и институции за поддршка на бизнис секторот

# Анекс 1 - Анализа на спроведено теренско истражување на приватниот сектор

На прашањето „Како ја оценувате деловната клима во регионот?" 36% од анкетираните компании изјавија дека таа е незадоволителна, додека 34% се воздржани во своите изјави. Ова значи дека постои простор за делување во насока на предлагање мерки, ангажирање и завземање од страна на претставниците на бизнис секторот во насока на подобрување на условите во кои нивните бизниси функционираат.

| 1. Како ја оценувате деловната клима во регионот? | |
|---|---|
| **Воопшто незадоволителна** | 7 |
| **Незадоволителна** | 36 |
| **Неутрална** | 34 |
| **Задоволителна** | 23 |
| **Повеќе од задоволителна** | 0 |

Табела 38: Оценка на деловната клима во СПР

Во однос на впечатокот за ангажираноста на регионалната власт во формирањето на регионалната деловна клима, одговорите се во насока дека регионалната власт има голем простор за делување и ангажирање во формирањето на деловна клима која е поповолна за водење бизнис и генерирање профит, а со тоа и подобрување на целокупната економска слика на регионот.




Слика 2: Ангажираност на регионалната власт во формирањето на деловната клима

И во однос на темата за ангажираноста на локалната власт во формирањето на деловната клима, ставовите на приватниот сектор се идентични и се во насока дека има голем простор за интервенции и ангажирање на истата во полето на правењето поволна деловна инфраструктура како и одржување на континуитет на дијалогот меѓу претставниците на јавниот и приватниот сектор.

| **3. Како ја оценувате ангажираноста на локалната власт во формирањето на деловната клима?** | |
|---|---|
| **Воопшто незадоволителна** | 6 |
| **Незадоволителна** | 39 |
| **Неутрална** | 41 |
| **Задоволителна** | 13 |
| **Повеќе од задоволителна** | 1 |

Табела 39: Ангажираност на локалната власт во формирањето на деловната клима

Впечатокот на бизнис секторот е дека достапноста и искористеноста на ресурсите на локалната власт за поддршка и развој на мали и средни претпријатија е на ниско ниво и дека локалните власти располагаат со ресурси кои можат да бидат ставени во функција на подобрување на состојбата на приватниот сектор, но, за да се случи тоа, потребно е навремено, транспарентно и прецизно споделување на информациите. Овде приватниот сектор ја гледа улогата на Регионалниот Бизнис центар при ЦРСПР како поддршка и столб на кој можат да се потпрат и да добијат информации за тековната состојба за целиот регион како и за понатамошните чекори кои можат да ги превземат во полза на развој на сопствената компанија.




Слика 3: Достапност и искористеност на ресурсите на локалната власт

19% од анкетираните претставници на бизнис секторот од регионот имаат впечаток дека до сега инволвираноста на регионалната власт во обезбедувањето на поддршка на мали и средни претпријатија е задоволителна, а сите испитаници се согласни дека постои голем простор за нивна вклученост во обезбедувањето поддршка на малите и средните компании.

| **5. Како ја оценувате инволвираноста на регионалната власт во обезбедувањето на поддршка на мали и средни претпријатија?** | |
|---|---|
| **Воопшто незадоволителна** | 3 |
| **Незадоволителна** | 23 |
| **Неутрална** | 55 |
| **Задоволителна** | 19 |
| **Повеќе од задоволителна** | 0 |

Табела 40: Инволвираност на регионалната власт во обезбедувањето на поддршка за мали и средни претпријатија

Претставниците на бизнис секторот имаат скромни информации за перформансите на Центарот за развој на Скопскиот плански регион. Ценат дека како продолжена рака на Министерството за локална самоуправа, нивното делување во поглед на давањето помош и поддршка на бизнис заедницата треба посебно да се потенцира преку развивање меѓусебен дијалог и преку создавање на мрежа во која Центарот за развој на Скопскиот плански регион би бил поангажиран носител и покренувачки погон од каде и во кој ќе се вкрстуваат информации.

### 6. Како ги оценувате општите перформанси на Центарот за Развој на Скопски плански регион?




Слика 4: Оценка за општите перформанси на ЦРСПР

На мнозинството испитаници, претставници на бизнис секторот, им недостигаат информации и релации како би можеле да го согледаат придонесот на Центарот за развој на Скопскиот плански регион врз формирањето на деловната клима во регионот. Оваа информација оди во прилог на идејата за воспоставување на Регионален Бизнис центар во СПР бидејќи преку него ќе се создаде цврста врска меѓу овие два чинители - приватниот сектор од една и регионалната власт од друга страна, која ќе биде носител на информации и поддршка на бизнис секторот.

### 7. Како го оценувате придонесот на Центарот за Развој на Скопски плански регион врз формирањето на деловната клима во регионот?




Слика 5: Впечаток на бизнис секторот за придонесот на ЦРСПР врз формирањето на деловната клима во регионот

Слично на претходното прашање, ставот кон регионалните бизнис политики е во фаза на формирање. Истражувањето покажа дека реалниот сектор има скромни информации и ограничено учество во формирањето или употребата на регионалните бизнис политики во функција на раст и развој на бизнисот. Тоа би значело дека формирањето и ставањето во функција на Регионалниот бизнис центар при ЦРСПР ќе придонесе во целосно двонасочно пренесување на информации и поттик за инволвирање на сите засегнати страни при донесувањето одлуки кои се рефлектираат врз бизнис заедницата од една и навремено и прецизно согледување на ефектите од истите, од друга страна.

| 8. Како ги оценувате регионалните бизнис политики? | |
|---|---|
| **Воопшто незадоволителни** | 2 |
| **Незадоволителни** | 4 |
| **Неутрални** | 71 |
| **Задоволителни** | 22 |
| **Повеќе од задоволителни** | 1 |

Табела 41: Оценка на регионалните бизнис политики

Една четвртина од испитаниците се задоволни од комуникацијата што бизнис секторот ја има со регионалните власти и сметаат дека регионалните власти се запознаени со предизвиците со кои се соочуваат нивните компании. Имајќи го ова предвид, регионалниот бизнис центар веќе има на располагање критична маса на компании кои се подготвени на дијалог и соработка, но, од друга страна, и предизвик да покрене одговор за соработка од останатите компании.




Слика 6: Впечаток на бизнис секторот за степен на запознаеност на регионалната власт со предизвиците со кои се соочуват малите и средните претпријатија од СПР

Повеќе од една четвртина од испитаниците се задоволни од придонесот кој вработените на регионалната власт го имаат врз малите и средни претпријатија. Кај бизнис секторот, процесот на воспоставување комуникација и градење на доверба во претставниците на регионалната власт е во тек. Како ќе расте визибилноста на Регионалниот бизнис центар при ЦРСПР кај реалниот сектор, така ќе расте и впечатокот за неговата компетентност и бенефитите кои реалниот сектор ќе ги има од одржувањето блиска комуникација со нив.




Слика 7: Впечаток на бизнис секторот за придонес на вработените во регионалната власт врз малите и средните претпријатија од регионот

Повеќе од една третина од компаниите се задоволни од поддршката која ја добиваат од страна на организациите за поддршка на бизнис секторот. Овој афинитет и колаборација која компаниите ја имаат со овие организации може да послужи како линк преку кој дополнително ќе се зајакнува комуникацијата и довербата меѓу компаниите и Регионалниот бизнис центарот при ЦРСПР. Од друга страна, Бизнис центарот има сојузник во процесот на праќање и примање на информации кои би послужиле при планирањето и креирањето стратешки документи со цел адекватна помош и поддршка на малите и средни претпријатија.

**11. Оценете ја поддршката што малите и средните претпријатија ја добиваат од организациите за поддршка на бизнисот (комори, фондации, организации кои нудат бизнис поддршка)**




Слика 8: Оценка за поддршката која малите и средните претпријатија ја добиваат од организациите за поддршка на бизнис секторот

Што се однесува до темата достапност до бизнис информации во регионот, 60% од испитаните компании се согласни дека таа е на задоволително ниво. Сепак, најголем простор за интервенција има кај микро компаниите, имајќи го предвид фактот дека тие се во фаза на зачеток и имаат ограничени капацитети со кои би можеле да бидат во тек со сите информации релевантни за нивниот сектор или воопшто за самиот деловен субјект. Овде Регионалниот Бизнис центар најмногу

може да придонесе кон олеснување на работата на компаниите и забрзување на фазата на нивен раст од микро во мали и средни компании, посебно фокусирајќи се на компании кои целат кон соработка со големите компании кои имаат свои инвестиции во Р. Македонија и регионот.




Слика 9: Достапност до бизнис информации во регионот

Како надоврзување на претходното, 56% од испитаните компании се согласуваат дека во општините во кои функционираат, постојат квалитетни канали за пренос на бизнис информации.




Слика 10: Достапност до бизнис информации во Општините од СПР

Речиси две третини од консултираните компании во истражувањето се задоволни од пристапноста до знаења и вештини кои му се потребни на нивниот бизнис. Исклучок се тренинзи за високоспецијализирани струки кои се ретки кај нас и занаети кои се поддршка на бизнис секторот во форма на различни умеења за поправка и одржување на машини и алати. Помалите компании изјавуваат и дека имаат потреба од почести советувања за правни и финансиски прашања за водење на бизнисите кои би биле по пониски цени од пазарните, бидејќи се надвор од нивната платежна моќ во оваа фаза од развој.

**14. Како ја оценувате достапноста до знаења и вештини кои се неопходни за Вашата компанија?**




Слика 11: Достапност до знаења и вештини кои се неопходни за компаниите од регионот

Речиси половината од испитаните компании се согласни дека им е достапна квалификувана работна сила во регионот во кој е стациониран нивниот бизнис. Исклучок се компаниите кои нудат здравствени услуги, ИТ секторот и компаниите кои работат на сервисирање на машини - кај нив предизвик е доаѓањето до нови информации и тоа најчесто го прават во странство. Бизнис центарот овде би можел да интервенира во насока на обезбедување на контакти и мечирање на нашите компании со провајдери на вакви услуги и евентуално да работи на поттикнување на размисла кај креаторите на политики за поддршка на ваквите компании во процесот на усвојување на знаења, особено фокусирајќи се на компании кои можат да испорачуваат производи и услуги за странски физички и правни лица.

**15. Како ја оценувате достапноста до квалификуван кадар во регионот?**




Слика 12: Достапност до квалификуван кадар во СПР

48% од испитаните компании се задоволни од интересот на комерцијалните банки во регионот за развој на малите и средните компании. Останатата половина испитаници сметаат дека има простор за интервенција и помош во процесот на олеснување до пристапот до финансии како и поддршка при зголемување на финансиската писменост кај менаџерите на компаниите со што би се олеснил растот и развојот на реалниот сектор во регионот.

| **16. Како го оценувате интересот на комерцијалните банки во регионот за развој на малите и средни претпријатија?** | |
|---|---|
| **Воопшто незадоволителен** | 6 |
| **Незадоволителен** | 23 |
| **Неутрален** | 22 |
| **Задоволителен** | 48 |
| **Повеќе од задоволителен** | 1 |

Табела 42: Интерес на комерцијалните банки за развој на малите и средни претпријатија

Кај речиси две третини од испитаните одговорни лица на компаниите постои согласност и задоволство од достапноста до информации за финансирање на бизнисите. Повеќето деловни субјекти се информирани за кредитни линии од комерцијалните банки, многу помал е бројот на восприемени информации за грантови шеми од интернационални донатори (ЕУ и сл.) Едногласен е впечатокот дека колку правните субјекти се помлади и со помал број вработени, помала е веројатноста за одобрување на заеми и кредити од комерцијалните банки. Затоа овде Регионалниот Бизнис центар има голема улога во споделување и поврзување на малите и средни претпријатија со одговорни лица на институциите кои нудат поддршка на МСП во форма на грантови или кредити, но по поинакви услови од комерцијалните банки.

**17. Како ја оценувате достапноста до информации за финансирање на малите и средни претпријатија во регионот?**




Слика 13: Достапност до информации за финансирање на МСП во СПР

63% од анкетираните компании ги гледаат како корисни финансиските олеснувања и кредити кои се ставени на располагање за малите и средни претпријатија од страна на државните институции. Регионалниот Бизнис центар во

овој случај би имал улога на десиминатор на информации, т.е. објавени повици, олеснувач во процесот на воспоставување контакт меѓу приватниот сектор и одговорните лица во соодветните институции, евентуално да нуди помош во класификација на критериуми и намена на конкретни олеснувања. Од друга страна, имајќи ја предвид веќе воспоставената комуникација со реалниот сектор, сите пречки и забелешки дадени од страна на реалниот сектор, Регионалниот Бизнис центар, имајќи ја позицијата на релевантно тело, би дало свој придонес во планирањата и прилагодувањата на идните финансиски олеснувања и кредити наменети за раст и развој на реалниот сектор.

### 18. За колку корисни ги сметате финансиските олеснувања и кредити кои се ставени на располагање на малите и средни претпријатија од страна на државните институции?




Слика 14: Корисност на финансиските олеснувања и кредити кои им се ставени на располагање на малите и средни претпријатија од Скопскиот плански регион

66% од претставниците на компаниите кои беа анкетирани се согласија дека вмрежувањето во кластери е корисно за самите компании. Регионалниот Бизнис центар при Скопскиот плански регион веќе е препознаен како важен чинител во синџирот на вредности меѓу постоечките бизнис здруженија и самите компании, нивни членки со што се остава простор за нивна взаемна соработка во насока на постигнување поконкурентна деловна средина во регионот, а со тоа и праќање на порака до останатите компании кои не се вмрежени во кластери да се обратат до Центарот и да добијат информации како да го сторат тоа и да започнат меѓусебна одржлива и континуирана соработка.

**19. Колку сметате дека е корисно вмрежувањето во кластери за компаниите?**




Слика 15: Корисност на вмрежувањето во кластери

59% од испитаните компании се изјаснија дека тековната понуда ги задоволува нивните потреби за обуки на персоналот. Регионалниот Бизнис центар приЦРСПР може да даде поддршка во насока на олеснување до пристапот до изворите на информации, тренинг центрите и школите кои нудат ваков вид доживотно учење и усовршување.

**20. Колку се задоволени потребите за обуки на Вашата компанија?**




Слика 16: Степен на задоволеност на потребите за обуки во компаниите од СПР

Следното прашање од Анкетниот прашалник за деловни субјекти овозможи собирање информации за специфичните обуки и трансфер на знаења кои им се потребни на претставниците од приватниот сектор во Скопскиот плански регион. Ова се дел од специфичните обуки и трансфери на знаења кои им се потребни на компаниите за да бидат поконкурентни на пазарот:

**21. Кои специфични обуки и трансфер на знаења и се потребни на Вашата компанија за да биде конкурентна?**

- ✓ Продажба на услуги;
- ✓ ИТ обуки;
- ✓ Сметководство;
- ✓ Обуки за директна и индиректна продажба и маркетинг;
- ✓ Обуки од областа на телекомуникации и нови технологии;
- ✓ Обуки од областа на медицината - практични обуки во областа на медицинската рехабилитација, кинезитерапија и ерготерапија;
- ✓ Вештини на продажба, финансиско работење, брендирање;
- ✓ Интернет маркетинг;
- ✓ Обуки за менаџирање на деловен субјект;
- ✓ Обуки за угостителство;
- ✓ Обуки за новинарство / Обуки за пишување новинарски текстови, за истражувачко новинарство;
- ✓ Обуки од областа на даноците;
- ✓ Обука за одгледување земјоделски производи;
- ✓ Обуки за банкарство;
- ✓ Обуки за транспортни компании;
- ✓ Обуки за интелектуална сопственост;
- ✓ Обуки од областа на енергетика;
- ✓ Информативни обуки за законски регулативи.

Последното прашање од овој Анкетен прашалник даде одговор за видот на деловни средби кои им се потребни на компаниите од Скопскиот плански регион. Притоа, карактеристична е потребата за бизнис средби кај микро и малите компании. Имено, дури 36 од микро и 23 од малите компании ја истакнаа потребата од деловни средби со претставници од бизнис секторот, додека 26 од малите компании и 24 од микро компаниите ја истакнаа потребата од деловни средби со претставници од регионалната власт.

**22. Од какви деловни средби имате потреба?**




Слика 17: Потреба од деловни средби кај компаниите од СПР

На крајот од интервјуирањето на компаниите им беше дадена можност за коментари и забелешки за нивните потреби, како и за предложување идеи за поддршка и соработка меѓу локалната и регионалната власт, при што некои од добиените коментари беа:

- Да се направи разлика меѓу бизниси кои се повеќе активни од оние кои се понеактивни и да им се овозможи влегување во фондовите, да се процени во кои фондови да пристапат. Треба да се има чувство да се препознаваат добрите и големите бизниси и да се поддржуваат;
- Многу проблеми со инспекции. Некомпетентни инспектори кои мора прво да работат приватно, па да контролираат;
- Да се организираат дебати со општинската власт, состаноци како да се подобри микро структурата, да се олеснат проблемите на малите претпријатија. Очекуваме Општината и регионалната власт да нè покани на состаноци за да се дискутираат сите пречки и проблеми;
- Во поглед на информираност и достапност на информации треба да се работи, а потребна е и поголема финансиска поддршка;
- Премногу царински пречки. Заради непризнати европски закони ни забранија да увезуваме производи од реномирана англиска компанија. Користеа царински тарифи кои беа стари три години, само за да нè спречат. Сега сме на суд;
- Да се подобри бизнис климата во Р. Македонија, да се подобрат условите, финансиите, плаќањата;
- На пазарот се чувствува недостаток на пари. Најголем проблем е наплата на она што сте го продале, а и наплатите по судски пат не се многу ефикасни;
- Најглавниот проблем е неликвидноста - големите компании не плаќаат на време;
- Повеќе внимание да се обрне на малите и средни претпријатија;
- Потребна ни е помош да се најдат партнери од странство, помош при извоз;
- На пазарот има премногу нелојална конкуренција - цени кои не можат да ги покријат основните трошоци, а и неплаќањето е еден од главните проблеми;
- Искрено, не знаеме ни каде да се обратиме за да добиеме помош;
- Да се следат потребите на компаниите за развој и раст на странските пазари;
- На малите фирми да им се олесни пристапот до информации бидејќи многу време се губи на таа работа;
- Локалната и регионалната власт би било убаво да се сконцентрираат и на домашните инвеститори, да има попријатни услови за развој на малите и средните претпријатија, да не биде насочено целото внимание кон големите и странските компании. Само така, според мене, би можело една мала фирма утре да се прошири и да прерасне во поголема компанија. Економијата во државата е како еден биосистем, кој што систем би функционирал многу подобро доколку и малите алки му се постабилни;
- Ваквите проекти треба да се продолжат со соодветен follow-up.

# Анекс 2 - Анализа на спроведено теренско истражување на организации и институции за поддршка на бизнис секторот

Анализата на услуги кои организациите за поддршка на приватниот сектор ги нудат на компаниите од Скопскиот плански регион, покажа дека Скопскиот плански регион е солидно покриен со квалитетни провајдери на семинари, работилници, тренинзи и тоа најчесто на теми: Развивање на меки вештини и основни обуки од правна, економска и менаџерска природа; Организација на настани за вмрежување на компании и вмрежување на експерти со менаџери на компании; Анализи на пазарни можности. Овде улогата на Бизнис центарот би била во насока на информирање и поддржување на организациите за понуда на нов вид услуги кои се релевантни за бизнис секторот, а се во насока на поддршка на компании при донесување одлука за формирање јавни приватни партнерства, вклученост при изработка на стратегии за локален економски развој на општините во кои функционираат, поддршка и помош при организирање на национални и интернационални деловни средби, бизнис форуми, поддршка и градење партнерства при изработка на проекти и аплицирање на разни донаторски проекти (ЕУ програмите).

**1.1. Според Вашето искуство, кои се главните причини жителите на Скопскиот плански регион да започнат сопствен бизнис?**




Слика 18: Услуги кои се нудат на приватниот сектор во СПР

Согледувањата на релевантните организации за поддршка на бизнис секторот е дека најчесто жителите на овој регион основаат компании со цел обезбедување на работни места за повеќе членови на семејството, што дава за право Регионалниот Бизнис центар посебно да се фокусира на поддршка на семејни и фамилијарни бизниси кои имаат потенцијал за раст и интернационализација.

| 1.2. Според Вашето искуство, кои се главните причини жителите на Скопскиот плански регион да започнат сопствен бизнис? | |
|---|---|
| **Обезбедување на работно место за себе и членовите на семејството** | 6 |
| **Престиж** | 0 |
| **Владините мерки за стимулирање на Претприемништвото и самовработувањето** | 4 |
| **Поседувањето на иновативна идеја** | 4 |
| **Неможност за вработување во постечка организација / компанија** | 2 |

Табела 43: Причини за започнување сопствен бизнис

Компаниите кои се обраќаат за помош и совет до организации кои нудат поддршка на бизнис секторот најчесто имале потреба од: дополнителни финансии, забрзување на одредени бирократски процедури и проблеми со инспекциски надзори. Регионалниот Бизнис центар би можел да влијае со својот авторитет кај локалните самоуправи во насока на: приоритизирање на одредени процедури и во процесот на формирање на деловни практики кај институциите во насока на прилагодување на ресурсите и големината на човечкиот капитал на потребите на реалниот сектор.

| 1.3. За какви проблеми во работењето најчесто Ве информираат компаниите кои ја контактираат Вашата институција/организација? | |
|---|---|
| **Проблеми со вработените** | 2 |
| **Недостиг на финансии** | 4 |
| **Долги административни / бирократски процедури** | 4 |
| **Проблеми со инспекции / инспекциски надзори** | 4 |
| **Друго:** | 2 |

Табела 44: Проблеми во работењето кај компаниите од СПР

Од разговорите со организациите кои нудат поддршка на бизнис секторот дознавме дека нивните клиенти и корисници на услуги ги користат конвенционалните средства за комуникација и тоа: најмногу средби лице в лице, веднаш потоа следува писмена комуникација преку електронска пошта и телефонски разговори. Многу поретко бизнис секторот како извор на информации користи веб страни, брошури и лифлети. Знаејќи го ова, Регионалниот Бизнис центар при спроведувањето на своите активности треба најмногу да се потпира на организирање на средби со цел размена на информации, придружена со пренесена информација преку електронска пошта, додека кларификацијата и кратките информации да ги комуницира преку телефон.

**1.4. Како најчесто се реализира Вашата комуникација со компаниите?**




Слика 19: Начини на комуникација помеѓу организациите за поддршка на бизнис секторот и компаниите од СПР

Од самите провајдери на услуги за реалниот сектор, компаниите најмногу барале информации на теми: Финансиско советување – каде и како да се добијат финансии, Извоз - регулативи, Даноци, Осигурување и наплати, специфични регулативи за одредени дејности и информации за основање на нови бизниси. Регионалниот Бизнис центар, имајќи ги овие информации предвид, може да помогне и асистира во процесот на обезбедување средства за задоволување на потребите на реалниот сектор преку поврзување на организациите со донаторски организации и преку пренесување на овие информации до релевантните министерства кои, врз основа на тоа, би ги конципирале стратешките документи и буџетите.

**1.5. Означете на кои теми се информациите кои ви ги бараат компаниите:**




Слика 20: Теми за кои компаниите од СПР бараат информации од организациите за поддршка на бизнис секторот

Имајќи го предвид долгогодишното работно искуство на овие организации, нивните впечатоци за степенот на информираност на компаниите и во нив одговорните лица за постоечките програми за финансиска и нефинансиска поддршка е поделено и сметаат дека има простор за работа во насока на почести и во директни средби размена на информации на овие две теми. Овде Регионалниот Бизнис центар при Центарот за развој би имал значајна улога во поддршка и активна вклученост во процесите на организирање и имплементирање на информативни средби за реалниот сектор.

| **1.6. Каков е Вашиот впечаток за степенот на информираност на компаниите од Скопскиот плански регион за државните и останатите програми за финансиска и нефинансиска поддршка на приватниот сектор во Р. Македонија** | |
|---|---|
| **ДА - целосно се информирани** | 4 |
| **ДА - делумно се информирани** | 3 |
| **Имаат површни и неточни информации** | 3 |
| **Воопшто не се информирани** | 0 |

Табела 45: Впечаток за степенот на информираност на компаниите од СПР за државните и останатите програми за финансиска и нефинансиска поддршка на приватен сектор

Генерално, сите организации кои нудат поддршка на реалниот сектор имаат остварено коректна меѓусебна кооперација. Меѓу најактивните институции кои нудат финансиска и нефинансиска помош за реалниот сектор се: АППРМ, АВРМ, Министерство за економија, Министерство за образование и наука, Македонска банка за поддршка на развојот, Фонд за иновации и технолошки развој, ИПАРД Агенција, УНДП, УСАИД, Бизнис Старт-ап Центар при Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ЕБОР, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Економски факултет - Скопје, Машински факултет - Скопје, Градежен факултет - Скопје, Архитектонски факултет - Скопје, ФЕИТ - Скопје, Технолошки факултет - Скопје, Штипски универзитет „Гоце Делчев", Битолски универзитет „Св. Климент Охридски", ФОН Универзитет, Бизнис Академија Смилевски, European Enterprise Network. Веруваме дека Бизнис центарот ќе воспостави коректна соработка која ќе биде продуктивна за сите инволвирани институции и ќе помогне во реализацијата на своите програмски активности.

| **1.7. Со кои јавни институции кои нудат програми за финансиска и нефинансиска поддршка на приватниот сектор Вашата организација има соработка?** | |
|---|---|
| **АППРМ** | 2 |
| **АВРМ** | 3 |
| **Министерство за економија** | 3 |
| **Министерство за образование и наука** | 1 |
| **Македонска банка за поддршка на развојот** | 2 |
| **Фонд за иновации и технолошки развој** | 1 |
| **ИПАРД Агенција** | 1 |
| **UNDP** | 2 |
| **USAID** | 1 |
| **Бизнис Старт-ап центар** | 1 |
| **ЕБОР** | 2 |
| **Министерство за финансии** | 1 |
| **Министерство за транспорт и врски** | 1 |

Табела 46: Јавни институции со кои организациите за поддршка на бизнис секторот имаат соработка

| 1.8. Со кои образовни установи, факултети и универзитети имате соработка? | |
|---|---|
| Економски факултет, Скопје | 2 |
| Машински факултет, Скопје | 2 |
| Градежен факултет, Скопје | 1 |
| Архитектонски факултет, Скопје | 1 |
| ФЕИТ, Скопје | 2 |
| Технолошки факултет, Скопје | 2 |
| Штипски универзитет „Гоце Делчев" | 2 |
| Битолски универзитет „Св. Климент Охридски" | 1 |
| ФОН универзитет | 1 |
| Бизнис Академија Смилевски | 1 |
| European Enterprise Network | 1 |

Табела 47: Образовни установи, факултети и универзитети со кои организациите за поддршка на бизнис секторот имаат соработка

Најчесто, компаниите од Скопскиот плански регион кај организациите кои нудат поддршка на бизнис секторот се обраќаат за финансиска помош - свеж капитал или поддршка во форма на репро-материјали и машини и опрема. Имајќи го ова предвид, Бизнис центарот можеби најлесно ќе оствари визибилност кај реалниот сектор ако меѓу најчестите активности ги вброи мечирањата на компаниите со институции кои нудат парична и материјална помош.

**1.9. За каков тип на услуги, знаења, информации компаниите ви се обраќаат, а вие не сте во можност да им одговорите?**




Слика 21: Видови на услуги, знаења и информации од кои компаниите од регионот имаат потреба, а организациите за поддршка на бизнис секторот не се во можност да одговорат

Во поглед на потребата од помош, знаења, информации како организаците за поддршка на бизнис секторот би можеле целосно да одговорат на потребите на бизнис секторот 60% од интервјуираните организации изјавија дека компаниите ги насочуваат кон потребните институции/организации, додека пак 3 организации изјавија дека им е потребна помош во поглед на сметководствените и правните аспекти.

**1.10. Каков тип на помош, знаења, информации Ви се потребни за да можете целосно да одговорите на потребите на бизнис секторот?**




Слика 22: Потреби на организациите за поддршка на бизнис секторот во поглед на знаења и информации

Интервјуираните организации за поддршка на бизнис секторот ја оценуваат за солидна соработката со останатите организации за поддршка на бизнис секторот во регионот.

| **1.11. Како ја оценувате соработката со останатите организации за поддршка на бизнис секторот во регионот:** | |
|---|---|
| **Непостоечка** | 0 |
| **Речиси секогаш е на туѓа иницијатива** | 0 |
| **Самоиницијативна - постои само ако ја иницираме ние** | 2 |
| **Солидна** | 8 |

Табела 48: Оценка на соработката помеѓу организациите за поддршка на бизнис секторот

**1.12. Со кои организации за поддршка на бизнис секторот најчесто сте во комуникација?**

Во поглед на другите организации за поддршка на бизнис секторот со кои интервјуираните организации се најчесто во комуникација, беа истакнати следниве институции: НЦДИЕЛ, Стопанска комора, Асоцијација на бизнис жени, Агенција за лекови, Лекарска комора, Македонско-Бугарска комора, невладините здруженија, АППРМ, банките, АВРМ, УНДП, УСАИД, ПСМ фондација, МИР фондација, Бизнис конфедерација на Р. Македонија, СЕГ холдинг, New Mans Business Accelerator, Регионалните центри за поддршка за МСП.

И претставниците на организациите кои нудат поддршка на бизнис секторот, најмногу преферираат директни средби како медиум за примање и пренесување информации, па потоа како помошни средства ги користат електронската пошта и телефонската комуникација. Според ова, најсоодветен начин за остварување на продуктивна соработка меѓу бизнис центарот и овие организации е на состаноци и тематски средби.

**1.13. На кој начин ја остварувате комуникацијата?**




Слика 23: Канали на комуникација помеѓу организациите за поддршка на бизнис секторот

Во поглед на преферираните начини за комуницикација со останатите организации за поддршка на бизнис секторот од регионот, испитаниците истакнаа дека им одговара досегашниот начин на комуникација со останатите институции за поддршка на бизнис секторот, но неколку испитаници ја истакнаа потребата од остварување средби со надеж за потпишување Меморандум за соработка, лични средби, електронска комуникација и сл.

| **1.14. Како би сакале да комуницирате со останатите организации за поддршка на бизнис секторот од регионот?** | |
|---|---|
| **Исто како и со останатите** | 5 |
| **Да оствариме средби со надеж за потпишување Меморандум за соработка** | 2 |
| **За почеток лична средба** | 1 |
| **Најпогодно е преку мејл, ако има потреба договараме средби** | 1 |
| **На иницијатива за реализирање на програми за поддршка на бизнисите** | 1 |

Табела 49: Преферирани начини на комуникација помеѓу организациите за поддршка на бизнис секторот во СПР

# Анекс 3 - АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

1. Субјект: ____________________________________________
2. Локација на деловниот субјект: ___________________________
3. Дејност:____________________________________________
4. Број на вработени: ____________________________________

## ДЕЛ I. ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**1. Како ја оценувате деловната клима во регионот?**

а. воопшто незадоволителна
б. незадоволителна
в. неутрална
г. задоволителна
д. повеќе од задоволителна
Забелешка:

**2. Како ја оценувате ангажираноста на регионалната власт во формирањето на регионалната деловна клима?**

а. воопшто незадоволителна
б. незадоволителна
в. неутрална
г. задоволителна
д. повеќе од задоволителна
Забелешка:

**3. Како ја оценувате ангажираноста на локалната власт во формирањето на деловната клима?**

а. воопшто незадоволителна
б. незадоволителна
в. неутрална
г. задоволителна
д. повеќе од задоволителна
Забелешка:

**4. Како ја оценувате достапноста и искористеноста на ресурсите на локалната власт за поддршка и развој на мали и средни претпријатија?**

а. воопшто незадоволителна
б. незадоволителна
в. неутрална
г. задоволителна
д. повеќе од задоволителна
Забелешка:

**5. Како ја оценувате инволвираноста на регионалната власт во обезбедување на поддршка на мали и средни претпријатија?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**6. Како ги оценувате општите перформанси на Центарот за развој на Скопски плански регион?**

а. воопшто незадоволителни

б. незадоволителни

в. неутрални

г. задоволителни

д. повеќе од задоволителни

Забелешка:

**7. Како го оценувате придонесот на Центарот за развој на Скопски плански регион врз формирањето на деловната клима во регионот?**

а. воопшто незадоволителен

б. незадоволителен

в. неутрален

г. задоволителен

д. повеќе од задоволителен

Забелешка:

**8. Како ги оценувате регионалните бизнис политики?**

а. воопшто незадоволителни

б. незадоволителни

в. неутрални

г. задоволителни

д. повеќе од задоволителни

Забелешка:

**9. Како ја оценувате запознаеноста на регионалната власт со предизвиците со кои се соочуваат малите и средни претпријатија во регионот?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**10. Како го оценувате придонесот кој вработените на регионалната власт го имаат врз малите и средните претпријатија?**

а. воопшто незадоволителен

б. незадоволителен

в. неутрален

г. задоволителен

д. повеќе од задоволителен

Забелешка:

**11. Оценете ја поддршката што малите и средните претпријатија ја добиваат од организациите за поддршка на бизнисот (комори, фондации, организации кои нудат бизнис поддршка).**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

## ДЕЛ II. ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**12. Како ја оценувате достапноста до бизнис информации во регионот?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**13. Како ја оценувате достапноста до бизнис информации во општината во која функционира Вашиот бизнис?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**14. Како ја оценувате достапноста до знаења и вештини кои се неопходни за Вашата компанија?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**15. Како ја оценувате достапноста до квалификуван кадар во регионот?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**16. Како го оценувате интересот на комерцијалните банки во регионот за развој на малите и средните претпријатија?**

а. воопшто незадоволителен

б. незадоволителен

в. неутрален

г. задоволителен

д. повеќе од задоволителен

Забелешка:

**17. Како ја оценувате достапноста до информации за финансирање на мали и средни претпријатија во регионот?**

а. воопшто незадоволителна

б. незадоволителна

в. неутрална

г. задоволителна

д. повеќе од задоволителна

Забелешка:

**18. За колку корисни ги сметате финансиските олеснувања и кредитите кои се ставени на располагање за малите и средни претпријатија од страна на државните институции?**

а. воопшто некорисни

б. некорисни

в. неутрални

г. корисни

д. повеќе од корисни

Забелешка:

**19. Колку сметате дека е корисно вмрежувањето во кластери за компаниите?**

а. воопшто некорисно

б. некорисно

в. неутрално

г. корисно

д. повеќе од корисно

Забелешка:

**20. Колку се задоволени потребите за обуки на Вашата компанија?**

а. воопшто незадоволени

б. незадоволени

в. неутрални

г. задоволени

д. повеќе од задоволени

Забелешка:

**21. Кои специфични обуки и трансфер на знаења и се потребни на Вашата компанија за да биде конкурентна:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________

## ДЕЛ III. ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ СРЕДБИ СО ИНВЕСТИТОРИ И ВМРЕЖУВАЊА

**22. Од какви деловни средби имате потреба:**

| | | |
|---|---|---|
| а. средби со инвеститори | ДА | НЕ |
| б. средби со претставници на комори | ДА | НЕ |
| в. средби со претставници од бизнис секторот | ДА | НЕ |
| г. средби со претставници од регионалната власт | ДА | НЕ |
| д. средби со претставници од централната власт | ДА | НЕ |

**Коментари за Вашите потреби, идеи за поддршка и соработка меѓу локалната и регионалната власт?**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

# Анекс 4 - АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИС СЕКТОРОТ

*Почитувани,*
*Центар за развој на Скопскиот плански регион и компанијата Гешталт Солушнс д.о.о. со финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите Нации во Р. Македонија (УНДП) и Министерството за Локална Самоуправа спроведуваат истражување кое има за цел изработка на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион со Акциски план и Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион. Изработката на оваа Програма е дел од проектот „Формирање на бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Скопски плански регион".*

*Истражувањето ќе помогне во добивањето реална слика за состојбата во која се наоѓаат правните субјекти во Скопски плански регион, предизвиците со кои се соочуваат микро, малите и средните компании од регионот и ќе помогне при генерирање решенија за справувањето со истите. Би сакале, вие како организација која обезбедува поддршка на бизнис секторот, со нас да го споделите вашето мислење за неколку теми, за потребите кои Вие ги имате во поглед на обезбедување поголема поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион. Нашиот разговор ќе трае меѓу 20 и 30 минути, зависно од Вашите одговори.*

*Вашата соработка ќе овозможи формирање на што пообјективна слика на тековната состојба на реалниот сектор во Скопскиот плански регион. Резултатите од ова истражување ќе служат како основа за изработка на Програма за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион со Акциски план и Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој и поддршка на бизнис секторот во Скопскиот плански регион(2015-2020).*

*Информациите кои ги споделувате со нас ќе бидат презентирани на кумулативен начин и Вашата анонимност ќе биде запазена.*

***Основи информации за субјектот***

***Субјект број*** ___________________________________________
***Вид на институција*** ____________________________________
***Локација*** _____________________________________________
***Датум*** ________________________________________________

**1.1. Наведете ги услугите кои ги нудите на приватниот сектор во Скопскиот плански регион** (пример: ***финансиски***: гарант при подигање кредит, грантови, субвенции, даночни олеснувања и слично и ***нефинансиски***: семинари, работилници, тренинзи, информации за правила и регулативи, пазарни можности, идентификување и договарање на состаноци со потенцијални клиенти, вмрежување и сл.)

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**1.2. Според Вашето искуство, кои се главните причини жителите на Скопскиот плански регион да започнат сопствен бизнис?**

| | |
|---|---|
| Обезбедување на работно место за себе и членовите на семејството | ☐ |
| Престиж | ☐ |
| Владините мерки за стимулирање на претприемништвото и само-вработувањето | ☐ |
| Поседувањето на иновативна идеја | ☐ |
| Неможност за вработување во постечка организација / компанија | ☐ |

**1.3. За какви проблеми во работењето најчесто ве информираат компаниите кои ја контактираат вашата институција/организација?**

| | |
|---|---|
| Проблеми со вработените | ☐ |
| Недостиг на финансии | ☐ |
| Долги административни / бирократски процедури | ☐ |
| Проблеми со инспекции / инспекциски надзори | ☐ |
| друго: | ☐ |

**1.4. Како најчесто се реализира вашата комуникација со компаниите?**

| | |
|---|---|
| Во директен разговор (лице - в - лице) | ☐ |
| Преку веб странaта, брошурите и лифлетите кои ги печатиме | ☐ |
| Преку мејл | ☐ |
| Преку телефон | ☐ |
| Друго: ______________________________ | ☐ |

**1.5. Означете на кои теми се информациите кои ви ги бараат компаниите:**

| | |
|---|---|
| Растење на бизнисот | ☐ |
| Електронска трговија | ☐ |
| Закон за вработување/отпуштање | ☐ |
| Еднакви можности | ☐ |
| Извоз | ☐ |
| Финансиско советување – каде и како да се добијат финансии | ☐ |
| Финансиско советување за сметководство и општо водење на финансиите во фирмата | ☐ |
| Здравје и безбедност при работа | ☐ |
| Иновации | ☐ |
| Правни прашања | ☐ |
| Маркетинг | ☐ |
| Специфични регулативи за дејноста на работење | ☐ |
| Започнување на бизнис | ☐ |
| Даноци/осигурување и наплати | ☐ |
| Интелектуална сопственост, патент и сл. | ☐ |
| Друго: ______________________________ | ☐ |

**1.6. Каков е Вашиот впечаток за степенот на информираност на компаниите од Скопскиот плански регион за државните и останатите програми за финансиска и нефинансиска поддршка на приватниот сектор во Р. Македонија**

| | |
|---|---|
| ДА - целосно се информирани | ☐ |
| ДА - делумно се информирани | ☐ |
| Имаат површни и неточни информации | ☐ |
| Воопшто не се информирани | ☐ |

**1.7. Со кои јавни институции кои нудат програми за финансиска и нефинансиска поддршка на приватниот сектор вашата организација има соработка?**

______________________________

______________________________

______________________________

**1.8. Со кои образовни установи, факултети и универзитети имате соработка?**

______________________________

______________________________

______________________________

**1.9. За каков тип на услуги, знаења, информации компаниите ви се обраќаат, а вие не сте во можност да им одговорите?**

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

**1.10. Каков тип на помош, знаења, информации ви се потребни за да можете целосно да одговорите на потребите на бизнис секторот?**

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

**1.11. Како ја оценувате соработката со останатите организации за поддршка на бизнис секторот во регионот:**

| | |
|---|---|
| Непостоечка | ☐ |
| Речиси секогаш е на туѓа иницијатива | ☐ |
| Самоиницијативна - постои само ако ја иницираме ние | ☐ |
| Солидна | ☐ |

**1.12. Со кои организации за поддршка на бизнис секторот сте најчесто во комуникација?**

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

**1.13. На кој начин ја остварувате комуникацијата?**

| | |
|---|---|
| Во директен разговор (лице - в - лице) | ☐ |
| Преку мејл | ☐ |
| Преку телефон | ☐ |
| На однапред организирани настани | ☐ |
| Друго: ____________________________________________ | ☐ |

**1.14. Како би сакале да комуницирате со останатите организации за поддршка на бизнис секторот од регионот?**

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

Ви Благодариме на издвоеното време.

∞